АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2020 ГОДИНА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА СОСТОЈБАТА И ДВИЖЕЊАТА НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО 2020 ГОДИНА

Скопје, 2021 година

*Извештаите се изготвени во согласност со членовите 158-п и членот 158-о од Законот за супервизија на осигурување и за нивното изготвување Агенцијата за супервизија на осигурување користеше податоци од сопствена евиденција.*

# СОДРЖИНА

I. ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ........ 4

**II. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2020 ГОДИНА**

**1. ВОВЕД** ........ 10
**2. ИНСТИТУЦИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ**........ 11
2.1. РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ........ 11
2.2. МИСИЈА И ВИЗИЈА........ 11
2.3. ВРЕДНОСТИ........ 11
2.4. СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ........ 11
2.5. ПЛАНИРАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА АСО........ 11
2.6. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА........ 12
2.7. ОРГАНИЗАЦИЈА И ФИНАНСИРАЊЕ НА АСО........ 12
2.8. КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ........ 12
**3. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ПО ОБЛАСТИ**........ 12
3.1. РЕГУЛАТИВА И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ........ 12
3.2. ДОНЕСЕНИ ПРАВИЛНИЦИ........ 13
3.3. ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ И СОГЛАСНОСТИ........ 13
3.4. ИЗДАДЕНИ ЛИЦЕНЦИ........ 14
3.5. ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ И ЛИЦЕНЦИ........ 14
3.6. ОРГАНИЗИРАНИ ОБУКИ........ 14
**4. СПРОВЕДУВАЊЕ СУПЕРВИЗИЈА**........ 14
4.1. ТЕРЕНСКА СУПЕРВИЗИЈА........ 14
4.2. ВОНТЕРЕНСКА СУПЕРВИЗИЈА........ 15
4.3. СТАВОВИ И ЦИРКУЛАРИ........ 15
**5. СОРАБОТКА**........ 15
**6. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАНИ**........ 15
**7. ЕДУКАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ**........ 16
**8. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ, ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА И ФИНАНСИСКА ИНКЛУЗИЈА**........ 16
**9. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ**........ 17
**10. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ**........ 17

**III. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И ДВИЖЕЊАТА НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО 2020 ГОДИНА**

**1. ВОВЕД** ........ 20
**2. ЗАКОНСКА РАМКА**........ 21
**3. ПАЗАР НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**........ 23
**3.1. ДРУШТВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**........ 23
3.1.1. СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА........ 24
3.1.2. СТЕПЕН НА РАЗВИЕНОСТ........ 24
3.1.3. БРУТО ПОЛИСИРАНА ПРЕМИЈА........ 27
3.1.4. СТРУКТУРА НА УЧЕСТВО........ 30
3.1.5. БРУТО ИСПЛАТЕНИ ШТЕТИ........ 32
3.1.6. СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА........ 35
3.1.7. ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ........ 36
3.1.8. СРЕДСТВА КОИ ГИ ПОКРИВААТ ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ........ 37
3.1.9. АДЕКВАТНОСТ НА КАПИТАЛОТ НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ........ 39
3.1.10.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО........ 41
3.1.11.ИНДИКАТОРИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР........ 42
**3.2. ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО**........ 44
3.2.1. ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО........ 44
3.2.1. ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ........ 46
**3.3. НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**........ 48
3.3.1. ГАРАНТЕН ФОНД НА НБО........ 49
3.3.2. РЕФУНДИРАЊЕ НА ШТЕТИ ОД ГАРАНТНИОТ ФОНД........ 50

## I. Воведно обраќање



Почитувани,

Изминатата 2020 година светот се соочи со пандемија од невидени размери која значително ги помести границите на нормално живеење и работење, а чиј крај и конечен исход се неизвесни.

Светот се соочува со големи загуби на човечки животи, изразени во милиони, како резултат на вирусот. Откривањето на вакцината и пристапот до истата беше во фокусот на секоја држава. Со цел спречување од ширење на вирусот и намалување на притисокот на здравствениот систем, националните влади ширум светот забранија слободно движење на граѓаните, поради што бројни бизниси беа затворени, а илјадници работници ги изгубија работните места. Ова се одрази на глобалната економија која забележа годишен пад од 3,2%, при што земјите кои ја сочинуваат Европската унија забележаа пад од 6,5%. Образовните институции, деловните субјекти и државните институции воведоа нов начин на работење од далечина, што придонесе до забрзан раст на користењето на електронски уреди и софтвер. Дигитализацијата на процесите и користењето на информатичката технологија во секојдневното работење, до скоро беше споменувана само на хартија, во контекст на документи за долгорочни стратешки планирања на организациите, но сега сме сведоци кога дигитализацијата е дел од нашето секојдневно живеење што се смета за можност и придобивка за општествата во овие вонредни услови.

На почетокот од кризата, глобалните берзи на кои се тргува со акции и обврзници издадени од меѓународни големи корпорации забележаа голем пад на пазарните вредности, за потоа, до крајот на годината, да се стабилизираат и да се вратат на исто, дури и повисоко ниво споредено со вредноста која ја имаа пред објавата на пандемијата.

Очекувањата на меѓународните финансиски институции се дека глобалната економија ќе се опорави и дека веќе во 2021 година светската економија ќе забележи значаен раст од околу 6%, пред се како резултат на очекувањата за раст на најголемите светски економии, САД и Кина.

Глобалниот финансиски сектор засега останува отпорен на кризата, што главно се должи на фактот што по големата финансиска криза значително се зголемија капиталните барања за банките и останатите небанкарски финансиски институции и истите, благодарение на капиталните стандарди и барањата за добро корпоративно управување со ризици, навремено создадоа доволно резерви, кои во овие вонредни околности, им овозможија непрекинато работење и задоволување на барањата на корисниците на финансиски услуги.

На меѓународен план, осигурителните компании повторно играат значајна и незаменлива улога како финансиски институции кои обезбедуваат заштита, сигурност, стабилизирање и нормализирање во различните средини погодени од најразлични видови на кризи и ризици. Слично како во периодот на големата финансиска криза, кога изворот на кризата беа самите кредитни финансиски институции, така и во овие вонредни услови предизвикани од здравствената криза, но и соочувањето со последиците кои ги трпиме како резултат на глобалните климатски промени и зачестените природни непогоди од невидени размери, голема е улогата и

значењето што го даваат осигурителните компании за спречување од ширење, намалување и ублажување на загубите и штетите.

Глобалната здравствена криза предизвика големи загуби и кај нас, како во поглед на бројот на изгубени човечки животи така и во поглед на економски последици како резултат на прекини во работењето, отпуштања од работа и затворање на бизниси. Македонската економија 2020 година ја заврши со пад од 4,5%.

Мое мислење е дека пазарот на осигурување успешно се справува со предизвиците. Како резултат на навремено превземените мерки, изградените капацитети за справување со кризи и препознавање на приоритетите, во смисла на задоволување на потребите на осигурениците и корисниците на осигурување,осигурителниот сектор ја зачува добрата финансиска состојба при истовремено проширување на услугите во насока на задоволување на барањата на осигурениците и корисниците на осигурување.

Во 2020 година, друштвата за осигурување забележаа пад на полисираните премии, кој пад изразен во релативни индикатори е споредлив со падот на македонската економија во целина. Бруто полисираните премии од неживотни осигурувања изнесуваа 8,32 милијарди денари, што е за 4,88% помалку во споредба со 2019 година, додека пак од осигурувања на живот изнесуваа 1,74 милијарди денари, или за 4,93% помалку во споредба со претходната година.

Имајќи го предвид фактот што 2019 година е година кога е достигнат врвот во поглед на обемот на работење на друштвата за осигурување мерено според бруто полисираните премии, годишниот пад на премиите во 2020 година и не е така сериозен, дури, споредено со 2018 година, пазарот стои подобро, и покрај вонредните услови на работење на друштвата во 2020 година. Најголем пад е регистриран кај купените зелени карти како дополнително осигурување на моторните возила за патувања во странство и кај патничките осигурувања, што е очекувано имајќи ги предвид забраните за патувања во странство. Но, пад е забележан и кај осигурувањата на живот, пред се кај чистите ризико осигурувања кои обезбедуваат покритие за ризикот смрт и кои најчесто се склучуваат при земање на кредит од банка како обезбедување на банката од кредитниот ризик на заемобарателот, како и кај традиционалните, т.н мешовити осигурувања на живот, кои обезбедуваат ризик од смрт и доживување.

За одбележување и охабрување се позитивните повеќегодишни трендови на постојан раст на доброволните осигурувања, пред се на здравственото осигурување и осигурувањето на имотот на правни и физички лица од најразлични ризици, од основни ризици од пожар на градежни објекти во градба, домови за живеење, деловни објекти, државен имот, до дополнителни ризици од кражби, поплави, како и осигурувања на земјоделски имоти од природни непогоди. Понатаму раст е забележан кај осигурувањето на кредити, гаранции и финансиски загуби поради прекини во работењето, а расте и осигурувањето на живот поврзано со удели во инвестициски фондови каде осигуреникот го превзема ризикот од вложување, или т.н unit-linked осигурувања на живот.

Агенцијата за супервизија на осигурување навремено ги препозна новите ризици на кои е изложена осигурителната индустрија, а кои ризици потекнуваат од надвор, односно произлегуваат од здравствената криза, и во рамките на своите овластувања превзема мерки за ублажување на негативните ефекти по пазарот на осигурување.

Стручните служби на Агенцијата и раководството на Агенцијата работеа непрекинато, со полн капацитет, притоа спроведоа бројни мерки со цел да се овозможи поголема флексибилност на друштвата за осигурување во договарање на нови осигурителни покритија како и во обновување на договорите за осигурување кои истекуваа во овој период.

Агенцијата за супервизија на осигурување овозможи поголема флексибилност за субјектите на пазарот на осигурување во смисла на поместување на роковите за изработка и поднесување на извештаи; ги

одложи планираните теренски супервизии, и спроведе тематски вонтеренски супервизии со истиот интензитет и квалитет на проверка; ги одложи планираните обуки и испити за застапници во осигурување и осигурителни брокери; ги прекина почнатите постапки за санкционирање за претходно констатирани прекршоци на одредби од законите во нејзина надлежност; привремено ги промени правилата за вреднување на побарувањата по основ на премии со што им овозможи на друштвата за осигурување поголемата флексибилност во работењето да не се одрази посериозно на финансискиот резултат. Ваквите мерки, како и фактот што друштвата за осигурување поради намалениот обем на работа се и помалку изложени на ризици превземени во осигурување, предизвикаа значително подобрување на профитабилноста на осигурителниот сектор на крајот од 2020 година. Со цел задржување на добрата финансиска кондиција и спремност успешно да се одговори на продолженото траење на кризата, неодамна Агенцијата за супервизија на осигурување ги реафирмираше препораките кои првично ги даде до друштвата за осигурување во април 2020 година да се воздржат од исплата на дивиденди, бонуси и останати награди од средствата кумулирани во добивките и резервите на друштвата за осигурување, и овие средства да ги задржат во компаниите.

На полето на донесувањето на подзаконска регулатива, во целост ги исполнивме нашите планови за 2020 година и првата половина од 2021 година. Имено, во транспарентна постапка и временски разумен рок Агенцијата донесе неколку суштински подзаконски акти со кои терминолошки ги подобри воспоставените минимални правила за пресметка на технички резерви; ги подобри воспоставените правила за прием, обработка и исплата на барања за надомест на штети и осигурени суми; ги подобри минималните стандарди за информатички системи на субјектите на пазарот на осигурување; воспостави минимални стандарди за обелоденување на податоци по договорите за осигурување на живот поврзани со удели во инвестициски фондови каде осигуреникот го превзема ризикот од вложувањата; како и донесе упатство за примена на минималните барања за воспоставување на системи за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам во осигурувањето. Постојаната усогласеност со одредбите од овие правилници од страна на друштвата за осигурување и останатите учесници на пазарот на осигурување ќе значи гаранција за правилно функционирање на пазарот на осигурување и раст на довербата на јавноста во осигурителните услуги, што треба да донесе понатамошен раст и инклузивност на осигурувањето.

Во 2021 година, по пауза од повеќе од една декада, отпочнавме нов циклус на обука и стручни испити за актуари. Развојот на актуарството и на бројот на стручни лица кои работат како актуари во друштвата за осигурување ќе придонесе кон подобрување на веродостојноста и релевантноста на проценките и вреднувањето на ризиците превземени во осигурување и оттука за зголемување на веродостојноста при мерење на солвентноста и стабилноста на осигурителните компании.

Агенцијата успешно управува со проектните активност поврзани со замена на постојниот софтвер за супервизија со нов кој ќе овозможи поголема сигурност и значително подобрување на ефикасноста и ефективноста во супервизорските постапки, и полесна транзиција и прифаќање на новата регулатива за осигурување,т.н Солвентност 2.

Во насока на реализирање на стратешките цели и програми на Агенцијата, во секојдневното работење даваме еднаков приоритет и значење на предметите кои до Агенцијата стигнуваат во форма на жалби и приговори од осигуреници и корисници на осигурување против друштвата за осигурување и останатите пазарни субјекти, како на значењето кое го даваме на предметите поврзани со спроведувањето на супервизија базирана на проверка на финансиската состојба и солвентност на осигурителните компании. Покрај спроведувањето на прудентна супервизија и оценка на солвентноста на осигурителните компании, Агенцијата со исто внимание и ресурси пристапува и кон контрола на пазарното однесување преку проверки на условите за осигурување на друштвата за осигурување, обелоденувањето на информации при прием во осигурување, анализа на примените приговори поднесени против друштвата за осигурување во однос

на примената на условите за осигурување и обврските на друштвата за осигурување по договорите за осигурување.

Посебно ме прави горд фактот што ја зголемивме транспарентноста на Агенцијата и делуваме превентивно на пазарот во смисла што објавуваме податоци и информации кои сметаме дека се релевантни за осигурениците, што позитивно влијае на подобрување на разбирање за осигурителните производи и оттука подобрување на понудата на осигурителни покритија. Лично сум убеден дека сеуште постои голем јаз помеѓу понудата на осигурителни услуги и потребите за осигурување, а степенот на развој на пазарот на осигурување е далеку под потенцијалот.

Изминатата година, Агенцијата успешно се справи со една пазарна појава и пракса која подолг временски период постоеше на пазарот на осигурување, а беше спротивна на законските барања за неспоивост во вршењето на работи на неживотно осигурување и осигурување на живот. По бројни иницијативи и барања за усогласување со прописите, поднесени од друштвата за осигурување на живот до Агенцијата за супервизија на осигурување, изминатите неколку години, дека друштвата за неживотно осигурување спротивно на законските барања нудат осигурителни покритија за ризици кои според Законот за супервизија на осигурување можат да го нудат само друштва за осигурување на живот, а се однесува на понуда на покритие на физички лица за ризик смрт поради болест како дополнително осигурување кон осигурувањето од последици на несреќен случај, односно здравствено осигурување, Агенцијата превзема мерки со кои забрани за друштвата за неживотно осигурување во иднина да нудат вакви покритија без тоа да има влијание на квалитетот и континуитетот на осигурително покритие кое досега го имале договорувачите на осигурување, во смисла што од сега вакви покритија нудат само друштва за осигурување на живот.

Агенцијата за супервизија на осигурување активно учествуваше на сите работни состаноци во рамки на супервизорските колеџи кои беа организирани од страна на супервизорските органи на матичните осигурителни компании по виртуелен пат, и во рамки на меѓунардоните договори за соработка разменува информации за домашните друштва за осигурување кои се дел од меѓународни осигурителни групи. На овој начин Агенцијата го подобрува разбирањето за долгорочните планови и управувањето со домашните осигурителни компании кои се дел од осигурителна група што секако влијае на подобрување на ефикасноста и ефективноста на супервизијата и регулативата за осигурување.

Агенцијата за супервизија на осигурување еднакво значење и приоритет дава на активностите поврзани со изготвувањето на новиот закон за осигурување кој е во надлежност на Министерството за финансии. Преку учество во работна група основана од Министерството за финансии, Агенцијата изготвува предлог текст на новиот закон кој треба во целост да ги инкорпорира меѓународните принципи и стандарди за осигурување и европската регулатива за осигурување и супервизија на осигурување.

На крајот на 2020 година во Агенцијата за супервизија на осигурување работат вкупно 32 вработени лица распределени на работни места во три стручни служби и две независни дирекции. Советот на експерти на Агенцијата е надлежен за носење на одлуки на Агенцијата и истиот брои пет члена, од кои претседателот и два члена се професионално ангажирани со полно работно време во Агенцијата. Во Агенцијата е воспоставен и функционира систем на управување со квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ИСО 9001:2015 за што Агенцијата се стекна со сертификат за усогласеност со овој стандард во мај 2021 година.

Повеќе информации за состојбите и промените кои се случиле на пазарот на осигурување во текот на 2020 година, како и актуелности и предизвици со кои е соочена Агенцијата за супервизија на осигурување ве повикувам да најдете во годишните извештаи.

Со почит,

Крсте Шајноски,
Претседател на Советот на експерти

19.8.2021

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2020 ГОДИНА

# 1. ВОВЕД

Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст „АСО“) е самостојно и независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања, утврдени со Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2002, 98/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 112/2011, 188/2013, 30/2014, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/2019 и 31/2020), и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011, 135/2011, 112/2014 и 145/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/2019).

Во рамки на своите надлежности и овластувања АСО се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување, со цел заштита на правата на сопствениците и корисниците на осигурување.

АСО ги има следните надлежности:

- Спроведува супервизија над друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, банки кои вршат работи на застапување во осигурување, осигурителните брокери и застапниците во осигурувањето, правните лица кои се поврзани со друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување;
- Донесува подзаконски акти за спроведување на Законот за супервизија на осигурување и дава предлози за донесување закони од областа на осигурувањето;
- Одлучува за давање или одземање дозволи, давање или повлекување согласности, давање или одземање лиценци;
- Изрекува мерки на супервизија;
- Соработува со релевантни домашни и странски институции и тела и членува во Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори;
- Го поттикнува развојот на осигурувањето, ја развива свеста на јавноста за улогата на осигурување и супервизија преку активности за финансиска едукација и финансиска инклузија.

Агенцијата за супервизија на осигурување е член на Меѓународната Асоцијација на Осигурителни Супервизори (ИАИС) од 2009 година. ИАИС е меѓународно тело одговорно за промовирање на ефективна и глобално конзистентна супервизија на пазарот на осигурување, со цел да се развие и одржи фер, стабилен и транспарентен пазар на осигурување во корист и заштита на осигурениците и да придонесе за глобалната финансиска стабилност.

# 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ

## 2.1. Работа на Советот на експерти

Орган на управување и раководење на АСО е Советот на експерти, составен од претседател на Советот и четири члена. Претседателот и четирите членови на Советот на експерти на АСО ги именува Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Владата на Република Северна Македонија.

Состав на Советот на експерти:

- д-р Крсте Шајноски, професионално ангажиран со полно работно време, претседател на Советот на експерти,
- д-р Сулејман Ахмеди, професионално ангажиран член на Советот на експерти, со полно работно време,
- Злате Симоновски, професионално ангажиран член на Советот на експерти, со полно работно време,
- д-р Игор Ивановски, член на Советот на експерти, кој не е професионално ангажиран,
- Александра Кокароска, член на Советот на експерти, кој не е професионално ангажиран.

Советот на експерти е колективен орган кој работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. Во текот на 2020 година Советот на експерти редовно одржуваше седници, на кои одлучуваше за прашања од својата надлежност и делокруг. Советот на експерти во 2020 година одржа 33 седници.

АСО за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија. Собранието ги усвојува: Финансискиот план на АСО, Финансиските извештаи ревидирани од независен овластен ревизор, Годишниот извештај за работењето на АСО и Годишниот извештај за состојбата и движењата на пазарот на осигурување.

## 2.2. Мисија и визија

Мисијата и визијата на АСО се насочени кон создавање на сигурен, стабилен и транспарентен пазар на осигурување во корист и заштита на правата на осигурениците, придонесување кон економскиот раст и обезбедување стабилност на финансискиот систем.

## 2.3. Вредности

Основните стандарди и вредности од кои се раководи АСО се: Одговорност, Стручност, Совесност и Транспарентност.

## 2.4. Стратегија за управување со ризици

Стратегијата за управување со ризици како алатка која помага да се предвидат неповолните настани и да се реагира на нив, да се насочат постапките на внатрешна контрола и ресурсите кон клучните функции и ризиците, придонесува АСО успешно да управува со ризиците.

## 2.5. Планирање на работењето на АСО

Советот на експерти на АСО ги донесува стратешките акти и документи за работа на АСО врз основа на планирање, притоа имајќи ги предвид внатрешните и надворешните фактори и нивното влијание врз остварување на целите на АСО.

Планираните активности АСО ги утврдува преку донесување на:

• Годишен план за работа,
• Годишен план за теренска супервизија,
• Финансиски план,
• План за архивско работење,
• Стратегиски план и други интерни документи и акти.

### 2.6. Внатрешна ревизија

Активноста на внатрешната ревизија во АСО, со користење на систематски, дисциплиниран и ризик-базиран пристап, придонесува за подобрување на процесите на раководење, управување со ризик и одржување на ефективни контроли во справување со ризици во управувањето, работењето и информациските системи на АСО, во однос на:

• Остварување на стратешките цели на АСО;
• Усогласеност со законите, прописите, политиките, процедурите и договорите;
• Ефективност и ефикасност на работењето на програмите;
• Веродостојност и интегритет на финансиските и оперативните информации;
• Заштитата на средствата.

### 2.7. Организација и финансирање на АСО

Согласно Правилникот за внатрешна организација на работни места, вработените се распоредени во 2 независни дирекции, директно одговорни пред претседателот и Советот на експерти, 3 стручни служби и 9 дирекции во рамки на стручните служби.

Работењето на АСО се финансира со надоместоци што ги наплатува од друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување, банките кои вршат работи на застапување во осигурување и другите лица врз кои АСО спроведува супервизија. Надоместоците се утврдени во Тарифник за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата, согласно Законот за супервизија на осигурување.

### 2.8. Корпоративна општествена одговорност

Во своето работење АСО ги почитува принципите и начелата на корпоративна општествена одговорност, како збир на сите економски, правни, етички очекувања што општеството ги има кон правните субјекти. Во таа насока, АСО ги презема следните активности:

• дава можности за изведување практична работа за ученици и студенти,
• учествува во хуманитарни акции и сл.

## 3. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ПО ОБЛАСТИ

### 3.1. Регулатива и лиценцирање

Во рамки на надлежностите во областа регулатива и лиценцирање, АСО во 2020 година ги спроведе следните активности:

### 3.2. Донесени правилници

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за застапник во осигурување;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за осигурителен брокер;
- Правилник за формата и содржината на Прекршочниот платен налог;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат во предвид при пресметка на капиталот на друштвата за осигурување и/или реосигурување;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за методот на вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за минимална содржина на евиденцијата и начинот на пријавување, резервирање и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување;
- Правилник за минимални барања за прием, обработка, резервација и исплата на барање за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците;
- Правилник за минималните стандарди на информатичките системи на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурување;
- Правилник за начинот и постапката на спроведување на стручниот испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар;
- Правилник за изменување на Правилникот за потребната документација за добивање на лиценца за осигурителен брокер;
- Правилник за изменување на Правилникот за потребната документација за добивање на лиценца за застапник во осигурување;
- Правилник за изменување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за вршење осигурително брокерски работи;
- Правилник за изменување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување;
- Правилник за изменување на Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности;
- Правилник за минималните стандарди за пресметка на технички резерви.

### 3.3. Издадени дозволи и согласности

- 3 дозволи за воведување нова класа на осигурување;
- 2 дозволи за вршење осигурително брокерски работи;
- 15 согласности за вршење функција член на орган на управување;
- 8 согласности за измена на Статут на друштво за осигурување;
- 17 согласности за друштва за ревизија на финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи на друштвата за осигурување за 2020 година;
- 3 согласности за стекнување квалификувано учество во друштво за осигурување;
- 4 согласности за стекнување квалификувано учество во осигурително брокерско друштво;
- 1 согласност за стекнување квалификувано учество во друштво за застапување во осигурување;
- 6 согласности за измена на седиште на друштво за осигурување;

### 3.4. Издадени лиценци

- издадени 33 лиценци за осигурителни брокери,
- 204 лиценци за застапник во осигурување.

### 3.5. Одземени дозволи и лиценци

- престанок на 1 дозвола за вршење работи на застапување во осигурување; и
- одземени 31 лиценца за застапник во осигурување на физички лица.

### 3.6. Организирани обуки

Во насока на зајакнување на капацитетите на посредување во осигурување на осигурителниот пазар, во 2020 година АСО спроведе еден циклус на обука за осигурителни брокери и за застапници во осигурување.

## 4.СПРОВЕДУВАЊЕ СУПЕРВИЗИЈА

АСО спроведува супервизија на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и Националното биро за осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и други релевантни прописи. АСО има надлежност да спроведува супервизија и на физичките лица кои вршат осигурително брокерски работи и работи на застапување во осигурување. Исто така, има надлежност да врши надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, согласно Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Супервизијата се спроведува преку перманентна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување и другите осигурителни субјекти преку прибирање, анализирање и верифицирање на доставените извештаи и информации, како и преку теренска (целосна или делумна) супервизија на работењето на осигурителните субјекти, со цел оценување на сигурноста, стабилноста, ризичноста и усогласеноста на работењето на субјектите.

Во услови на прогласена глобална пандемија во 2020 година, Агенцијата за супервизија на осигурување ги прилагоди своите активности на новонастанатите околности и последователно носеше повеќе мерки, со цел обезбедување стабилен осигурителен пазар и заштита на правата и интересите на осигурениците. Дел од мерките беа во насока на олеснување на работата во вонредни услови и зајакнување на поддршката на друштвата во сегментот на менаџирањето со негативните последици од појавата на корона вирусот (COVID 19), преку ослободување на дел од нивните резерви. Во исто време им дозволи на друштвата дополнителен временски период за исправка на вредноста на побарувањата. Со цел заштита на правата и интересите на осигурениците и квалитетно обработување на штетите во услови на работа во вонредна состојба, АСО утврди дополнителен рок за пријавување и евидентирање на штети во друштвата и даде препорака друштвата кои оствариле добивка од работењето да се воздржат од прераспределба на добивката.

Дополнително кон ова, АСО преку навремено информирање и известување ги едуцираше осигурениците за нивните права кои произлегуваат од договорот за осигурување, особено при решавање на штетата и исплатата на надомест и можноста да го користат механизмот на поднесување на претставка, доколку не се задоволни од начинот на решавање на штета.

### 4.1. Теренска супервизија

Согласно Планот за супервизија за 2020 година, АСО реализира 2 теренски супервизии кај друштва за осигурување. Заради глобалната состојба и прогласена пандемија со Ковид-19,

АСО преку дополнителна реорганизација на своите човечки ресурси, продолжи супервизијата да ја спроведува вонтеренски, а за дел од планираните теренски супервизии меѓу кои и во областа на спречување на перење пари, се одлучи да бидат пренесени во следната, 2021 година.

### 4.2. Вонтеренска супервизија

Врз основа на наодите од спроведените вонтеренски супервизии, АСО изрече 26 супервизорски мерки од кои 21 наредба за отстранување на незаконитости и 5 дополнителни мерки на супервизија кон друштва за осигурување. Заради утврдени неправилности во работењето кои преставуваат прекршоци, АСО спроведе 12 постапки за порамнување преку доставување на прекршочни платни налози.

### 4.3. Ставови и циркулари

Во областа на супервизијата, а со цел зајакнување на супервизорскиот процес, беа подготвени 9 циркуларни дописи кои содржеа ставови и насоки на АСО за одредени прашања во областа на осигурувањето.

## 5. СОРАБОТКА

Вршењето на работите во надлежност на АСО како и потребата од следење на новите трендови од областа, поттикнување на раст и развој на пазарот, налага континуирана соработка со домашни органи и институции, регионални регулаторни и меѓународни институции.

Зајакнување на соработката меѓу домашните регулатори е важна и е поврзана со размена и употреба на информации и податоци, обезбедување на заемна обука и размена на искуства. Соработката со Министерството за финансии се одвива за прашања во врска со регулативата од областа на осигурувањето. Соработката со Народната банка се одвива во рамки на размена на податоци за изработка на извештај за финансиска стабилност, финансиска едукација и финансиска инклузија, како и континуирана размена на искуство и практики од процесот на спроведување на супервизија. Во насока на хармонизирање на домашното законодавство со европското, АСО преку соработка со Секретаријатот за економски прашања обезбедува податоци за прогресот на пазарот на осигурување, изготвува извештаи за напредокот на државата во областа на внатрешниот пазар и конкуренција и економско-финансиски прашања и статистика.

Со цел следење на состојбите во финансискиот систем и поголема подготвеност за управување со предизвиците, а особено во околности коишто ги наметнува корона-кризата, финансиските регулатори во 2020 година потпишаа Меморандум за меѓуинституционална соработка. Со овој Меморандум чиј потписник е и АСО, финансиските регулатори ја дефинираа определбата со зајакната координација и индивидуално, навремено и ефикасно да ги идентификуваат системските ризици и усогласено да делуваат, заради спречување и намалување на нивното влијание врз финансискиот систем.

## 6. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАНИ

Агенцијата за супервизија на осигурување, на 1-ви ноември 2020 година ја одбележа својата 11-та година постоење и успешно работење. По овој повод беше реализирана средба со претставниците на осигурителната индустрија на тема Предизвиците на АСО и состојбите на пазарот на осигурување во РСМ. На средбата која се реализираше он-лајн заради состојбата со пандемијата, АСО ги истакна предизвиците со кои се соочува како и идните планови и очекувања во областа на осигурувањето и супервизијата на осигурување, при што јасно ја истакна својата определба за зајакнување на корпоративното управување во друштвата,

поголема транспарентност и јакнење на довербата на јавноста во осигурителниот сектор. На средбата пред присутните од осигурителната индустрија, беше презентиран и наградениот истражувачки труд од областа на управување со ризици за 2020 година.

Заради натамошен развој на финансискиот пазар, АСО во соработка со Македонската берза реализираа виртуелна работилница за друштвата за осигурување како институционални инвеститори и учесници на финансискиот пазар, а особено на пазарот на капитал.

## 7. ЕДУКАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

Кадровската оспособеност на АСО е предуслов за квалитетно, ефикасно и навремено вршење на работите и задачите во нејзина надлежност и заради тоа АСО континуирано вложува во својот човечки потенцијал. Во 2020 година заради настанатите околности со светската пандемија и ограничувањата кои беа наметнати пред се заради заштита на здравјето на населението, не постоеја услови за сеопфатно реализирање на планираната програма за потребите на вработените и воглавно обуката и надградбата на знаењето се спроведуваше виртуелно, преку посета на едукативните програми, семинари на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS), Европското тело за супервизија (EIOPA), Банката за меѓународни порамнувања (BIS), Меѓународната мрежа за финансиско образование и едукација (OECD-INFE) и други релевантни институции и организации.

Во рамки на членството во Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), со свој придонес и експертиза АСО учествуваше во работењето на телото преку истражувачки студии, он-лајн семинари, известување во врска со донесени мерки за справување со корона-кризата и работење во вонредни услови. Исто така, учествуваше на годишната он-лајн конференција на ИАИС, каде меѓу другото се дискутираше и за предизвиците на супервизорите за работа во услови на глобална пандемија.

Со цел подобар надзор на осигурителните групации кои се присутни во повеќе земји-членки на Европската Унија и земји кои се во различна фаза во пристапните процеси со Европската Унија, АСО учествуваше во работата на супервизорските колеџи.

## 8. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ, ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА И ФИНАНСИСКА ИНКЛУЗИЈА

Агенцијата за супервизија на осигурување  во рамки на своите законски надлежности за развој на пазарот на осигурување и подигнување на свеста на јавноста за улогата на осигурување и супервизијата на осигурување интегрирано делува на полето на финансиска едукација, финансиска инклузија и заштита на правата на осигурениците како комплементарни сегменти. АСО повеќе години наназад спроведува активности во доменот на финансиска едукација со опфат на целокупната јавност, а со посебен фокус на младата популација.

Во рамки на соработката со Македонската банкарска асоцијација, АСО даде поддршка на проектот- Европски квиз на пари, наменет за учениците од 13 до 15 години. За потребите на квизот беа подготвени прашања од областа на осигурувањето и супервизијата на осигурување, како и стручна литература и едукативни текстови.

АСО потпиша Меморандум за соработка со Организацијата на потрошувачите на Македонија со цел зајакнување на меѓусебната соработка за реализирање на проекти и активности за заштита на осигурениците, финансиска едукација како и нивно приближување и обезбедување на пристап кон осигурителните производи и услуги.

Заради поттикнување на научната мисла и придонес кон зголемување на бројот и квалитетот на применетите научни трудови од областа на управување со ризици и осигурувањето, АСО на годишно ниво објавува Конкурс за доделување годишна награда за истражувачки труд од областа на управување со ризици и осигурување во Република Северна Македонија. Додека, во насока на подигнување на свеста на младите за значењето и улогата на осигурувањето, АСО објавува Конкурс за ученици од основно и средно образование, по повод Денот на

осигурувањето – 1 ноември, со теми од областа на осигурување.
АСО учествуваше во одбележување на националната манифестација „ Денови на финансиската писменост “, во координација и организација на Координативното тело на регулаторните институции за финансиска едукација и финансиска инклузија. Заради условите што ги наметнуваше пандемијата, „ Деновите на финансиската писменост “ беа организирани виртуелно. Во рамки на оваа манифестација АСО подготви повеќе едукативни содржини од областа на осигурувањето и супервизијата на осигурување како: квиз, јавен повик за учество на едукативни предавања, спроведување на анкета на корисничко задоволство, подготовка и промоција на нови едукативни текстови и брошури и сл.

Во насока на заштита на правата на осигурениците и корисниците на осигурителни производи и услуги, АСО постапуваше по добиени претставки против осигурителните субјекти. Во 2020 година во АСО беа поднесени 88 претставки, од кои:

- 71 претставка се решени;
- 12 претставки се без основа за постапување;
- 2 претставки се во процес на решавање; и
- 3 претставки се повлечени.

Исто така, заради обезбедување на стабилност на секторот на осигурување и поголема заштита на осигурениците во услови на прогласена пандемија во 2020 година, АСО донесе пакет на повеќе мерки, заради обезбедување поголема транспарентност во работењето на друштвата и градење на довербата во осигурителниот сектор.

## 9. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Во рамки на регионалниот проект под покровителство на Министерството за финансии на Холандија и ИНФЕ-ОЕЦД, АСО како дел од Координативното тело на регулаторни институции за финансиска едукација и финансиска инклузија, со своја експертиза придонесе во подготовка на нацрт-документот на првата Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија. Исто така, учествуваше во спроведување на истражувања и анализи од страна на ИНФЕ-ОЕЦД за мерење на нивото на финансиска писменост на возрасното население.

## 10. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019), до АСО во 2020 година беа поднесени пет барања за пристап до информации од јавен карактер и по истите беше постапено во законски рок.

Врз основа на Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РМ“ бр.196/2015, 35/2018 и („Службен весник на РСМ“ бр.257/2020 ), беше поднесена една пријава и во законски рок беше постапено.

Во насока на навремено пренесување на информации и зајакнување на практиките за комуникација со сите заинтересирани страни, АСО делува преку својата веб страна, порталот за едукација и социјалните мрежи, како и преку одржување на консултативни јавни средби во зависност од потребите и средби заради известување за напредокот во врска со активностите и проектите на АСО.

Во насока на подигнување на квалитетот на својата работа АСО врши мерење на корисничкото задоволство од страна на заинтересираните страни – клиенти, преку електронски анкети и преку механизмот на писмено доставување на жалби или пофалби од страна на корисниците на услугите.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Претседател на Совет на експерти,
д-р Крсте Шајноски

Број 02-455/4
Скопје
16.6.2021 година

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СОСТОЈБАТА И ДВИЖЕЊАТА НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО 2020 ГОДИНА

# 1. ВОВЕД

Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст „АСО“) е самостојно и независно регулаторно тело на пазарот на осигурување кое врши јавни овластувања, утврдени со Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот. АСО има за цел да придонесе за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување во земјава, за негов континуиран развој, за заштита на правата и интересите на осигурениците, како и за унапредување на финансиската стабилност на земјава.

На крајот на 2020 година на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија активно работат 16 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, додека 5 друштва вршат осигурување на живот. Во доменот на посредувањето, на крајот на 2020 година активни се 40 осигурително брокерски друштва, 10 друштва за застапување во осигурување и 7 банки кои вршат работи на застапување во осигурување.

Во 2020 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст: „БПП”) во вкупен износ од 10,06 милијарди денари, што претставува пад од 4,89% во однос на БПП остварена во 2019 година (2019: 10,58 милијарди денари). Во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 8,32 милијарди денари (2019: 8,75 милијарди денари), односно намалување од 4,88% во споредба со 2019 година. Истовремено, кај осигурувањето на живот е остварена БПП во износ од 1,74 милијарди денари (2019: 1,83 милијарди денари), што е пад од 4,93%.

Друштвата за осигурување на 31.12.2020 година располагаат со средства во износ од 25,67 милијарди денари, кои се зголемени за 7,34% во однос на минатата година (2019: 23,92 милијарди денари). Вкупниот пресметан капитал на друштвата за осигурување забележува раст од 5,53% во споредба со 2019 година и изнесува 7,01 милијарди денари. Потребното ниво на маргина на солвентност, како главен индикатор за процена на стабилноста на осигурителниот сектор, агрегиран изнесува 1,64 милијарди денари, со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,3 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во текот на 2020 година, осигурителниот сектор искажа добивка во износ од 456,81 милиони денари. Притоа, друштвата за неживотно осигурување остварија добивка од 273,81 милиони денари, додека пак, добивката на друштвата за осигурување на живот по оданочување изнесува 177,86 милиони денари.

Во доменот на законската регулатива во 2020 година донесени се: измени на Законот за супервизија на осигурување; 3 измени на веќе важечки подзаконски акти и 3 нови подзаконски акти.

## 2. ЗАКОНСКА РАМКА

Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 98/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 112/11, 188/13, 30/14, 43/14, 112/14, 153/15, 92/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 31/20), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/05, 70/06, 81/08, 47/11, 135/11, 112/14 и 145/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/19), Законот за доброволно здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/12 и 192/15), Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од областа на капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 11/12, 147/15 и 30/16) и Законот за спречување перење на пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.120/18, 275/19 и 317/20), се основна законска рамка која ги регулира условите и начинот на вршење работи на осигурување и реосигурување, начинот и условите на вршење работи на посредување во осигурувањето и спроведувањето супервизија врз работењето на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување.

Пошироката законска рамка ја претставуваат Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13) во делот што се однесува на договорите за осигурување и Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16, 64/18 и 120/18).

Законот за супервизија на осигурување ги вградува принципите и стандардите за осигурување на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS), како и директивите за осигурување на Европската Унија (ЕУ). Со овој закон се регулирани основањето и работењето на друштвата за осигурување, управувањето со ризици, улогата на овластените актуари, водењето на деловните книги и извештаи, внатрешната и надворешната ревизија, застапувањето и посредувањето во осигурувањето, супервизијата на друштвата за осигурување, работењето на АСО, спроведувањето на супервизијата и постапката за донесување решенија од страна на АСО, соработката со надзорни органи и тела на ЕУ, како и казнените одредби.

Во 2020 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20), со кој се предвидува, пред поведување на прекршочна постапка за прекршоците утврдени со овој закон, Агенцијата на сторителот на прекршокот да му даде предлог за порамнување, со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоци. Исто така, со овие измени се менува и износот на дел глобите кои се предвидени за одредени прекршоци сторени по овој закон.

Задолжителното осигурување во сообраќајот е регулирано со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, кој ги регулира договорите за задолжително осигурување, минималните суми на осигурување, роковите за пријавување и надомест на штети од страна на друштвата за осигурување, утврдување на правото на посредување (медијација), надлежностите на Гарантниот фонд, промена на начинот на утврдување на тарифите на премии преку функционирањето на Комисија за осигурување од автомобилска одговорност и казнените одредби за друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување. Исто така, законот предвидува обврски за осигурителните компании да назначат овластени претставници за штети во странство, со цел жртвите во сообраќајни незгоди да имаат лесен и брз пристап за пријава на барањата за надомест на штети предизвикани од домашни моторни возила во странство, како и воспоставување Служба за надомест на штети, како гаранција за жртвите во сообраќајни незгоди во странство, дека дури и во случај одговорниот возач да управувал со неосигурано моторно возило, штетата ќе биде навремено обработена и исплатена. Дел од овие одредби се веќе стапени во сила, а дел ќе стапат од моментот на

стекнување на полноправно членство на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Со Законот за доброволно здравствено осигурување се дава законска можност и се отвора широко поле на дејствување на друштвата за осигурување за понуда на пакети на здравствени услуги што веќе се опфатени со системот на задолжителното здравствено осигурување. Доброволното здравствено осигурување се уредува како дополнително и приватно. Дополнителното здравствено осигурување обезбедува покривање на трошоците на име учество со лични средства при користење здравствени услуги од задолжителното здравствено осигурување (партиципација), во согласност со прописите од задолжителното здравствено осигурување и здравствена заштита. Приватното здравствено осигурување овозможува покривање на трошоците за користење на здравствените услуги за повисок стандард на здравствените услуги што произлегуваат од задолжителното здравствено осигурување, трошоците за покривање на здравствените услуги користени во дополнителната дејност, како и за користење на здравствените услуги во здравствени установи надвор од мрежата на здравствени установи во која се врши здравствената дејност и во правните лица кои вршат изработка, издавање и сервисирање на ортопедски и други помагала.

Со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од областа на капитално финансирано пензиско осигурување се заокружи уредувањето на капитално финансираното пензиско осигурување во Република Северна Македонија, со уредување на фазата на деакумулација, односно, со Законот се регулираат исплатите на пензии од вториот и пензиски надоместоци од третиот столб. Во законот детално се уредуваат видовите на исплати на пензии од втор столб (програмирани повлекувања, доживотни ануитети и нивна комбинација), видовите на исплати на пензиски надоместоци од трет столб (програмирани повлекувања, ануитети, еднократни и повеќекратни исплати), карактеристиките и правилата за разните видови на исплати и начинот и постапката за стекнување на право на старосна, инвалидска и семејна пензија од втор столб, како и постапката за стекнување право на пензиски надоместок од трет столб. Во законот се уредува и кои институции ќе може да вршат исплата на пензии и пензиски надоместоци од вториот и третиот столб – пензиски друштва и друштва за осигурување на живот. Исто така, заради поголема транспарентност на изборот на пензија од втор столб и пензиски надоместок од трет столб се воспоставува Централизиран електронски систем на котација, преку кој, ќе се доставуваат барања за котации за различни видови исплати и ќе се добиваат понуди од пензиските друштва и друштвата за осигурување.

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам утврдува надлежност на АСО за спроведување на надзор врз осигурителниот пазар кој е предмет на регулација на овој закон, а особено во делот на примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

# 3. ПАЗАР НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 3.1. ДРУШТВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Во текот на 2020 година на осигурителниот пазар функционираа 16 друштва за осигурување, од кои 5 друштва за осигурување работат на осигурување на живот, додека останатите 11 вршат работи на неживотно осигурување. Само едно друштво, покрај работите на неживотно осигурување, има дозвола да врши и работи на реосигурување. (Табела бр.1).

**Табела бр. 1:** Регистар на друштва за осигурување

| | Назив на друштво | Група на осигурување |
|---|---|---|
| 1 | АД за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА - Скопје Виена Иншуренс Груп | Неживотно осигурување и реосигурување |
| 2 | ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје | Неживотно осигурување |
| 3 | САВА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје | |
| 4 | АД за осигурување ЕВРОИНС Скопје | |
| 5 | АД за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје | |
| 6 | АД за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје | |
| 7 | ГРАВЕ Осигурување неживот АД Скопје | |
| 8 | Друштво за осигурување УНИКА АД Скопје | |
| 9 | Национална групација за осигурување ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА АД Скопје | |
| 10 | ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје | |
| 11 | КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД- Друштво за неживотно осигурување | |
| 12 | КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД- Друштво за осигурување на живот | Осигурување на живот |
| 13 | ГРАВЕ осигурување АД Скопје | |
| 14 | АД за осигурување ВИНЕР Лајф – Виена Иншуренс Груп Скопје | |
| 15 | Друштво за осигурување УНИКА Лајф АД Скопје | |
| 16 | ТРИГЛАВ Осигурување живот АД Скопје | |

Извор: АСО

Друштвата за осигурување на крајот на 2020 година вработуваат 1.876 работници што претставува намалување од 3,70% на бројот на ангажираната работна сила во однос на 2019 година (2019: 1.948).

### 3.1.1. Сопственичка структура

Друштвата за осигурување се во доминантна сопственост на странски правни лица од финансиски сектор (80,11%), кои се делумно или целосно присутни во 14 од вкупно 16 друштва за осигурување на пазарот (Табела бр.2). Притоа, 12 друштва за осигурување се дел од осигурителни групации со седиште во земји-членки на ЕУ, додека две друштва за осигурување се во целосна сопственост на домашни инвеститори.

**Табела бр. 2:** Сопственичка структура на друштвата за осигурување (проценти)

| | 2020 | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **1. Странски акционери** | **80,11%** | **79,51%** | **87,29%** |
| 1.1. Физички лица | 0,33% | 0,04% | 0,05% |
| 1.2. Нефинансиски правни лица | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.3. Финансиски институции | 79,78% | 79,46% | 87,24% |
| **2. Домашни акционери** | **19,86%** | **20,46%** | **12,67%** |
| 2.1. Физички лица | 4,88% | 4,97% | 5,86% |
| 2.2. Нефинансиски правни лица | 0,61% | 0,91% | 5,10% |
| 2.3. Финансиски институции | 14,37% | 14,58% | 1,72% |
| **3. Држава** | **0,03%** | **0,03%** | **0,04%** |
| **ВКУПНО** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** |

Извор: АСО

### 3.1.2. Степен на развиеност

Основни показатели со кои се мери степенот на развиеноста на пазарот на осигурување се степенот на пенетрација и степенот на густина[1] . Податоците за нивото на пенетрација на осигурувањето во 2020 година покажуваат дека вкупната БПП во земјава учествува со 1,52% во бруто домашниот производ, што е исто ниво како претходната година (2019: 1,52%). Додека пак, степенот на густина во 2020 година изнесува 4.848 денари по жител[2] , што е намалување од 4,85% во однос на претходната година (Графикон бр.1).

[1] Степенот на пенетрација се пресметува како однос на бруто полисираната премија и бруто домашниот производ, а степенот на густина како однос на бруто полисираната премија и бројот на жители во земјата.

[2] Податокот за број на жители е за 2019 година, како последно објавен податок за население од ДЗС.

**Графикон бр. 1:** Показатели на развој на пазарот на осигурување (милиони денари; десна оска – проценти)




Извор: АСО, Државен завод за статистика и Министерство за финансии

Осигурителниот сектор во Република Северна Македонија се карактеризира со ниска концентрација што е предуслов за функционална пазарна конкуренција. Херфиндал- индексот, пресметан преку БПП, во 2020 година изнесува 769,56 (2019: 792,42). Сличен резултат покажува мерењето на индексот преку средствата на друштвата за осигурување на 838,02 во 2020 година (2019:821,71)[3].

Анализирано по групи на осигурувања, повисока концентрација е присутна кај осигурувањето на живот, поради малиот број друштва во овој домен. Кај друштвата за осигурување на живот Херфиндал - индексот, мерен според БПП, изнесува 2.788,97 (2019: 3.157,74), додека пак, мерен според средствата на друштвата е 3.077,21 (2018:3.083,30).

Кај неживотното осигурување показателите покажуваат ниска концентрација, при што мерењето преку Херфиндал-индексот според БПП во 2020 година изнесува 1.003,06 (2019: 1.020,43) и покажува пад во однос на минатата година, додека истиот показател измерен преку средствата изнесува 1.070,59 (2019:1.058,79).

Показателот ЦР5[4] , измерен преку учеството во БПП, кај друштвата за неживотно осигурување, во 2020 бележи намалување и изнесува 56,86 (2019:57,99%).

Во продолжение следуваат табели каде се прикажани движењата на Херфиндал-индексот и показателот за концентрација на првите пет друштва за осигурување (ЦР5):

[3] Херфиндал-индексот се пресметува според формулата:

$$HI = \sum_{i=1}^{N} (S)i^2$$

каде што S е учество на секое друштво за осигурување во вкупните средства (бруто полисирана премија) на осигурителниот сектор, а n е вкупниот број институции во соодветниот сегмент. Кога индексот се движи во интервал од 1.000 единици до 1.800 единици, нивото на концентрација на осигурителниот сектор се смета за прифатливо.

[4] ЦР5 показателот претставува учество на првите 5 друштва за осигурување со најголемо учество во вкупната структура.

**Табела бр. 3**: Херфиндал-индекс и показател ЦР5 мерен според БПП

| БПП | 2020 | | 2019 | | 2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Херфиндал | CR5 | Херфиндал | CR5 | Херфиндал | CR5 |
| **Цел сектор** | 769,56 | 47,03% | 792,42 | 47,87% | 830,10 | 50,46% |
| **Неживот** | 1.003,06 | 56,86% | 1.020,43 | 57,99% | 1.061,77 | 60,67% |
| **Живот** | 2.788,97 | 100,00% | 3.157,74 | 100,00% | 3.374,55 | 100,00% |

Извор: АСО

**Табела бр. 4:** Херфиндал - индекс и показател ЦР5 мерен според средствата

| Актива | 2020 | | 2019 | | 2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Херфиндал | CR5 | Херфиндал | CR5 | Херфиндал | CR5 |
| **Цел сектор** | 838,02 | 54,15% | 821,71 | 53,50% | 827,41 | 53,86% |
| **Неживот** | 1.070,59 | 60,69% | 1.058,79 | 60,64% | 1.097,37 | 62,15% |
| **Живот** | 3.077,21 | 100,00% | 3.083,30 | 100,00% | 3.085,58 | 100,00% |

Извор: АСО

На крајот на 2020 година, во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, 4 друштва за осигурување го преминуваат прагот на учество со над 10% во вкупната БПП. Притоа, на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија ниту едно друштво не го поминува прагот од над 20% учество на пазарот (Графикон бр.2).

**Графикон бр. 2:** Пазарна концентрација според бруто полисираната премија во 2020 година, во групата на неживотно осигурување (проценти)




Извор: АСО

Во групата на осигурување на живот, доминантно учество имаат две друштва за осигурување на живот (Графикон бр.3).

**Графикон бр. 3:** Пазарна концентрација според бруто полисираната премија во 2020 година, во групата на осигурување на живот (проценти)




Извор: АСО

### 3.1.3. Бруто полисирана премија

БПП во осигурувањето и реосигурувањето кај друштвата за неживотно осигурување ги вклучува сите износи на премии кои се договорени (полисирани) во тековниот пресметковен период, без разлика дали истите во целост или делумно се однесуваат на наредниот период, додека кај осигурувањето на живот вкупната полисирана премија ги вклучува сите премии платени до крајот на пресметковниот период.

Во 2020 година е остварена БПП во вкупен износ од 10,06 милијарди денари (Табела бр.5), што претставува пад од 4,89% во однос на БПП остварена во 2019 година (2019: 10,58 милијарди денари).

**Табела бр. 5:** Бруто полисирана премија по класи на осигурување (илјади денари)

| Класа на осигурување | Бруто полисирана премија (БПП) | | Динамика | Учество во вкупната БПП | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2020** | **2019** | **20/19** | **2020** | **2019** |
| 01. Осигурување од незгода | 748.395 | 694.160 | 7,81% | 7,43% | 6,56% |
| 02. Здравствено осигурување | 273.649 | 188.885 | 44,88% | 2,72% | 1,78% |
| 03. Осигурување на моторни возила- каско | 823.735 | 838.236 | -1,73% | 8,18% | 7,92% |
| 05. Осигурување на воздухоплови- каско | 9.084 | 53.321 | -82,96% | 0,09% | 0,50% |
| 06. Осигурување на пловни објекти- каско | 1104 | 565 | 95,40% | 0,01% | 0,01% |
| 07. Осигурување на стока во превоз- карго | 84.696 | 81.562 | 3,84% | 0,84% | 0,77% |
| 08. Осигурување на имот од пожар | 768.207 | 751.603 | 2,21% | 7,63% | 7,10% |
| 09. Останати осигурувања на имоти | 1.092.265 | 1.020.798 | 7,00% | 10,85% | 9,65% |
| 10. Автоодговорност | 4.136.297 | 4.577.080 | -9,63% | 41,09% | 43,25% |
| 11. Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови | 6.787 | 14.336 | -52,66% | 0,07% | 0,14% |
| 12. Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти | 2.709 | 3.063 | -11,56% | 0,03% | 0,03% |
| 13. Останати осигурувања од одговорност | 211.970 | 226.948 | -6,60% | 2,11% | 2,14% |
| 14. Кредити | 25.158 | 12.927 | 94,62% | 0,25% | 0,12% |
| 15. Осигурување на гаранции | 536 | 1241 | -56,81% | 0,01% | 0,01% |
| 16. Осигурување од финансиски загуби | 64.478 | 67.203 | -4,05% | 0,64% | 0,63% |
| 17. Правна заштита | 8 | 5 | 60,00% | 0,00% | 0,00% |
| 18. Осигурување на туристичка помош | 76.325 | 220.692 | -65,42% | 0,76% | 2,09% |
| 19. Осигурување на живот | 1.438.761 | 1.603.231 | -10,26% | 14,29% | 15,15% |
| 20. Брак или породување | 0 | 1.020 | / | 0,00% | / |
| 21. Осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | 301.742 | 226.538 | 33,20% | 3,00% | 2,14% |
| **ВКУПНО** | **10.065.906** | **10.583.414** | **-4,89%** | **100,00%** | **99,99%** |
| **ВКУПНО НЕЖИВОТ** | **8.325.403** | **8.752.625** | **-4,88%** | **82,71%** | **82,70%** |
| **ВКУПНО ЖИВОТ** | **1.740.503** | **1.830.789** | **-4,93%** | **17,29%** | **17,30%** |

Извор: АСО

Негативниот тренд  е присутен во двата сегменти на осигурувањето, со тоа што во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 8,32 милијарди денари (2019: 8,75 милијарди денари), или истата изнесува 82,71% од вкупната БПП на осигурителниот сектор и претставува намалување од 4,88% во споредба со 2019 година. Во текот на 2020 година не е реализирана премија за реосигурување (2019: 0).

Поединечно, во споредба со 2019 година, пад кај БПП е забележана кај 8 друштва за неживотно осигурување  (Табела бр.6).

**Табела бр. 6:** Бруто полисирана премија по друштва за неживотно осигурување (илјади денари)

| | Друштво за осигурување | Бруто полисирана премија (БПП) | | Динамика | Учество во вкупната БПП | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2019 | 20/19 | 2020 | 2019 |
| 1 | Триглав | 1.231.614 | 1.424.892 | -13,56% | 14,79% | 16,28% |
| 2 | Еуролинк | 963.579 | 1.013.069 | -4,89% | 11,57% | 11,57% |
| 3 | Македонија | 862.860 | 927.978 | -7,02% | 10,36% | 10,60% |
| 4 | Сава | 848.398 | 886.426 | -4,29% | 10,19% | 10,13% |
| 5 | Уника | 827.544 | 823.176 | 0,53% | 9,94% | 9,40% |
| 6 | Халк | 821.730 | 523.287 | 57,03% | 9,87% | 5,98% |
| 7 | Евроинс | 726.996 | 813.562 | -10,64% | 8,73% | 9,30% |
| 8 | Винер | 712.129 | 808.989 | -11,97% | 8,55% | 9,24% |
| 9 | Осигурителна полиса | 602.980 | 710.064 | -15,08% | 7,24% | 8,11% |
| 10 | Кроација неживот | 460.756 | 459.102 | 0,36% | 5,53% | 5,25% |
| 11 | Граве неживот | 266.817 | 362.080 | -26,31% | 3,20% | 4,14% |
| | **ВКУПНО НЕЖИВОТ** | **8.325.403** | **8.752.625** | **-4,88%** | **100,00%** | **100,00%** |

Извор: АСО

Во делот за осигурување на живот, што претставува 17,29% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, е остварена БПП во износ од 1,74 милијарди денари (2019: 1,83 милијарди денари), што изнесува пад од 4,93% во однос на 2019 година.

Поединечно, во споредба со 2019 година, пораст кај БПП е забележана кај три друштва за осигурување на живот (Табела бр.7).

**Табела бр. 7:** Бруто полисирана премија по друштва за осигурување на живот (илјади денари)

| | Друштво за осигурување | Бруто полисирана премија (БПП) | | Динамика | Учество во вкупната БПП | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2019 | 20/19 | 2020 | 2019 |
| 1 | Кроациа живот | 654.532 | 805.885 | -18,78% | 37,61% | 44,02% |
| 2 | Граве | 534.483 | 548.376 | -2,53% | 30,71% | 29,95% |
| 3 | Винер живот | 305.663 | 291.559 | 4,84% | 17,56% | 15,93% |
| 4 | Уника живот | 182.689 | 147.842 | 23,57% | 10,50% | 8,08% |
| 5 | Триглав живот | 63.136 | 37.127 | 70,05% | 3,63% | 2,03% |
| | **ВКУПНО ЖИВОТ** | **1.740.503** | **1.830.789** | **-4,93%** | **100,00%** | **100,00%** |

Извор: АСО

Еден од најсоодветните показатели за обемот на извршените работи на друштвата за осигурување е анализата на обемот на извршените работи по различните класи на осигурување. На тој начин, преку податоците за БПП по класи на осигурување, дополнително е прикажана пазарната структура на сите друштва за осигурување во 2020 година (Табела бр.8).

**Табела бр. 1:** Бруто полисирана премија за периодот 01.01.2020- 31.12.2020 (илјади денари)

| Класа на осигурување | неживот | | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонија | Триглав | Сава | Евроинс | Еуролинк | Винер | Граве неживот | Уника | Осигурителна | Халк | Кроација | |
| 01. Незгода | 84.864 | 121.866 | 85.721 | 30.226 | 133.116 | 37.523 | 13.325 | 60.224 | 36.611 | 65.946 | 78.973 | 748.395 |
| 02. Здравствено | 2.251 | 70.296 | 10.531 | 15.883 | 112.795 | 2.385 | 0 | 14.969 | 136 | 31.489 | 12.914 | 273.649 |
| 03. Каско моторни возила | 66.047 | 147.837 | 143.997 | 55.365 | 83.717 | 49.273 | 8.283 | 67.247 | 90.384 | 58.718 | 52.867 | 823.735 |
| 04. Каско шински возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 05. Каско воздухоплови | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.483 | 6.601 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.084 |
| 06. Каско пловни објекти | 6 | 309 | 121 | 21 | 74 | 347 | 0 | 49 | 124 | 53 | 0 | 1.104 |
| 07. Карго | 22.012 | 25.625 | 2.672 | 8.694 | 4.983 | 3.755 | 0 | 11.402 | 693 | 3.601 | 1.259 | 84.696 |
| 08. Имот од пожар и др.опасности | 125.571 | 73.170 | 59.910 | 185.320 | 124.865 | 15.659 | 3.638 | 51.929 | 42.052 | 44.462 | 41.631 | 768.207 |
| 09. Имот останато | 268.828 | 206.763 | 114.244 | 72.795 | 76.911 | 91.469 | 1.656 | 51.324 | 12.316 | 183.101 | 12.858 | 1.092.265 |
| 10. АО (вкупно) | 242.389 | 478.534 | 394.166 | 349.762 | 357.363 | 487.092 | 236.642 | 528.436 | 400.386 | 408.606 | 252.921 | 4.136.297 |
| 11. Одговорност воздухоплови | 0 | 152 | 0 | 0 | 1.617 | 4.733 | 0 | 0 | 285 | 0 | 0 | 6.787 |
| 12. Одговорност пловни објекти | 156 | 477 | 729 | 90 | 415 | 106 | 0 | 189 | 445 | 99 | 3 | 2.709 |
| 13. Општа одговорност | 38.155 | 38.953 | 10.651 | 5.574 | 53.025 | 9.849 | 615 | 27.417 | 13.153 | 12.138 | 2.440 | 211.970 |
| 14. Кредити | 680 | 5.618 | 9.762 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.098 | 0 | 25.158 |
| 15. Гаранции | 3 | 196 | 12 | 62 | 72 | 0 | 0 | 0 | 63 | 128 | 0 | 536 |
| 16. Финансиски загуби | 7.777 | 44.357 | 3.630 | 328 | 274 | 0 | 0 | 7.816 | 0 | 106 | 190 | 64.478 |
| 17. Правна заштита | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 5 | 8 |
| 18. Туристичка помош | 4.121 | 17.461 | 12.252 | 2.876 | 11.869 | 3.337 | 2.658 | 6.542 | 6.332 | 4.182 | 4.695 | 76.325 |
| **Вкупно** | **862.860** | **1.231.614** | **848.398** | **726.996** | **963.579** | **712.129** | **266.817** | **827.544** | **602.980** | **821.730** | **460.756** | **8.325.403** |

| Класа на осигурување | живот | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кроациа живот | Граве | Винер живот | Уника живот | Триглав Живот | |
| 19. Живот | 586.306 | 522.031 | 145.426 | 121.905 | 63.093 | 1.438.761 |
| 20. Брак или породување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21. Осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | 68.226 | 12.452 | 160.237 | 60.784 | 43 | 301.742 |
| **Вкупно** | **654.532** | **534.483** | **305.663** | **182.689** | **63.136** | **1.740.503** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **10.065.906** |

Извор: *АСО*

### 3.1.4. Структура на учество

Во вкупната БПП најзначајно учество има осигурувањето кај моторните возила со 49,28% (2019: 51,17%), кое се состои од доминантното задолжително осигурувањето од автомобилска одговорност (АО), кое учествува со 41,09% (2019: 43,25%) и од доброволното осигурување на моторни возила (каско), кое учествува со 8,18% (2019: 7,92%). Значајно место во структурата на БПП има осигурувањето на имот со 18,48% (2019: 16,75%), осигурувањето на живот со учество од 17,29% (2019: 17,30%) и осигурувањето последици на несреќен случај (незгода) со учество од 7,43% (2019: 6,56%).

Структурата по позначајните класи на осигурување, како и споредбата со 2019 година, е претставена на графиконот бр. 4.

**Графикон бр. 4:** Структура на бруто полисирана премија по класи на осигурување (проценти)




Извор: АСО

Пад на БПП од 9,63% во однос на 2019 година е забележан во класата за осигурувањето од автомобилска одговорност (АО), со вкупна премија во износ од 4,14 милијарди денари (2019: 4,58 милијарди денари) и намалување на бројот на склучени договори од 12,63%, како и кај каско осигурување на моторни возила со пад од 1,73% и вкупна премија во износ од 823,73 милиони денари (2019: 838,24 милиони денари), при истовремен пораст на бројот на склучени договори од 0,43%.

Кај осигурувањето на имот се забележува пораст од 4,97% со БПП 1,86 милијарди денари (2019: 1,77 милијарди денари), при истовремен раст на бројот на склучени договори од 3,75%. Анализирајќи по групи, кај физичките лица евидентиран е раст од 1,91% на склучените договори, проследен со зголемување од 4,49% на БПП, додека пак кај правните лица има пораст од 9,81% на склучените договори и зголемување од 5,73% на БПП.

Во рамките на осигурување на имот, кај земјоделското осигурување се забележува намалување од 1,37% на бројот на склучени договори и раст од 24,81% на остварената БПП за земјоделско осигурување која изнесува 482,53 милиони денари (2019: БПП од 386,63 милиони денари).

Голем подем во 2020 година има во продажбата на здравственото осигурување со склучени 10.706 договори за здравствено осигурување со вкупна БПП од 273,65 милиони денари, што во споредба со 2019 година претставува зголемување за 35,60% на бројот на склучени договори, односно раст за 44,88% на вкупната БПП.

Кај осигурувањето на живот е остварена БПП во износ од 1,74 милијарди денари (2019: 1,83 милијарди денари), што претставува пад од 4,93%, при што осигурувањето на живот учествува со 17,29% во вкупната БПП на осигурителниот сектор.

Кај традиционалното осигурување на живот (класа 19) е остварен негативен тренд кај БПП кој изнесува 1,44 милијарди денари (2019: 1,60), што претставува пад од 10,26%, со намалување и на бројот на ново склучени договори за осигурување на живот од 25,76 % и тоа претежно намалувањето е кај типот на термински договори за осигурување на живот (ризико). Кај осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот (класа 21) продолжува изразениот годишен тренд на зголемување од 33,20% со остварена БПП од 301,74 милиони денари (2019: 226,54 милиони денари), но и намалување на бројот на ново склучени договори од 8,15%.

На графиконот бр. 5 е прикажан трендот на БПП по позначајни класи на осигурување.

**Графикон бр. 5:** Тренд на бруто полисираната премија по класи на осигурување (милиони денари; десна оска – проценти)




Извор: АСО

Во текот на 2020 година друштвата за осигурување склучиле 1.166.439 договори, што е помалку за 27,48% во однос на 2019 година, кога беа склучени 1.608.546 договори. Од вкупниот број на склучени договори, 1.143.766 полиси се во рамките на неживотно осигурување, што претставува пад за 27,55% во споредба со бројот на полисите во 2019 година (2019: 1.578.629 полиси), додека 22.673 се полиси за осигурување на живот, односно намалување од 24,21% во однос на 2019 година.

Промената на бројот на склучени договори по позначајните класи на осигурување е претставена на графиконот бр. 6.

**Графикон бр. 6:** Склучени договори кај друштвата за осигурување (број; десна оска – проценти)




Извор: АСО

### 3.1.5. Бруто исплатени штети

Друштвата за осигурување во 2020 година исплатиле бруто - износ на штети од 4,00 милијарди денари (Табела бр.9). Во споредба со 2019 година, бруто исплатените штети се намалени за 0,63% (2019: 4,03 милијарди денари). Учеството на реосигурувањето во бруто исплатените штети изнесува 14,62%.

**Табела бр. 9:** Исплатени штети по класи на осигурување (илјади денари)

| Класи на осигурување | 2020 | % | 2019 | Учество | Динамика 20/19 |
|---|---|---|---|---|---|
| Автоодговорност | 1.880.406 | 46,95% | 2.060.176 | 51,11% | -8,73% |
| Осигурување на имот | 630.199 | 15,73% | 483.427 | 11,99% | 30,36% |
| Осигурување на моторни возила (каско) | 483.812 | 12,08% | 542.704 | 13,46% | -10,85% |
| Осигурување од незгода | 396.887 | 9,91% | 421.000 | 10,44% | -5,73% |
| Осигурување на живот | 436.891 | 10,91% | 347.218 | 8,61% | 25,83% |
| Осигурување на туристичка помош | 48.110 | 1,20% | 67.163 | 1,67% | -28,37% |
| Останати осигурувања - неживот | 129.197 | 3,23% | 109.265 | 2,71% | 18,24% |
| **Вкупно** | **4.005.502** | **100,00%** | **4.030.953** | **100,00%** | **-0,63%** |

Извор: АСО

Во структурата на бруто исплатени штети, најголемо учество имаат штетите за автоодговорност со 46,95%, потоа следуваат штетите за имотно осигурување со учество од 15,73%, исплатените штети за каско осигурување на моторните возила со 12,08%, штетите за осигурување од незгода со 9,91% и 15,33% се исплатени штети во останатите класи на осигурување.

Во делот на осигурувањето на имот, значајно место зазема земјоделското осигурување со учество од 50,29% и со вкупно исплатени штети од 316,85 милиони денари.

На графиконот бр. 7 е прикажано поединечното учество на друштвата за осигурување во вкупниот износ на исплатени штети за 2020 година.

**Графикон бр. 7:** Учество на друштвата за осигурување во бруто исплатените штети во 2020 година (милиони денари), одделно за неживот и живот




Извор: АСО

### 3.1.6. Средства и извори на средства

#### 3.1.6.1. Структура на средствата

Вредноста на средствата на друштвата за осигурување на 31.12.2020 година изнесува 25,97 милијарди денари и е поголема за 7,34% во однос на вкупните средства кај друштвата за осигурување во 2019 година (Табела бр.10).

Најголемо учество од 74,44% во структурата на средствата на друштвата за осигурување имаат вложувањата (2019: 76,02%) и истите се зголемени за 5,12% во однос на вложените средства во 2019 година. Во рамки на вложувањата, најзначајно учество од 92,46% завзема категоријата останати финансиски вложувања и истата има раст од 6,19% во споредба со претходната година. Во оваа категорија влегуваат: финансиски вложувања расположливи за продажба (49,30%), депозити во банки, заеми и останати пласмани (34,73%), финансиски вложувања кои се чуваат до доспевање (12,02%) и финансиски вложувања за тргување (3,95%). Следна позначајна категорија се вложувањата во земјиште, градежни објекти и останати материјални средства (6,22%) и притоа бележат пад од 7,53% во однос на 2019 година. Исто така, дел од вложувањата се и финансиските вложувања во друштва во група - подружници, придружни друштва и заеднички контролирани ентитети, кои учествуваат со 1,32% во вкупните вложувања и истите бележат намалување од 0,96%.

**Табела бр. 10:** Структура на средствата на друштвата за осигурување (илјади денари)

| | 31.12.2020 | Учество | 31.12.2019 | Учество | Динамика 20/19 |
|---|---|---|---|---|---|
| Нематеријални средства | 74.013 | 0,29% | 73.841 | 0,31% | 0,23% |
| Вложувања | 19.111.645 | 74,44% | 18.181.249 | 76,02% | 5,12% |
| Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви | 1.712.094 | 6,67% | 1.281.907 | 5,36% | 33,56% |
| Финансиски вложувања кај кои осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик (договори за осигурување) | 393.704 | 1,53% | 239.766 | 1,00% | 64,20% |
| Одложени и тековни даночни средства | 14.664 | 0,06% | 19.012 | 0,08% | -22,87% |
| Побарувања | 3.004.606 | 11,70% | 2.730.388 | 11,42% | 10,04% |
| Останати средства | 563.415 | 2,19% | 574.435 | 2,40% | -1,92% |
| Активни временски разграничувања | 799.961 | 3,12% | 817.350 | 3,42% | -2,13% |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и нетековно работење | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% | 0,00% |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **25.674.102** | **100,00%** | **23.917.950** | **100,00%** | **7,34%** |

Извор: АСО

Следни по значење, со учество од 11,70% во структурата на средствата, се побарувањата и истите бележат зголемување од 10,04% во однос на побарувањата во 2019 година (2019: 11,42%). Во рамки на побарувањата влегуваат, побарувања од непосредни работи на осигурување (каде се вклучени побарувања од осигуреници, побарувања од посредници и останати побарувања од непосредни работи на осигурување), побарувања од работи на соосигурување и реосигурување и останати побарувања. Најголемо учество од 79,09% во побарувањата, имаат побарувањата од непосредни работи на осигурување во износ од 2,38 милијарди денари и бележат пораст од 9,67% во однос на 2019 година. Побарувањата од работите на соосигурување и реосигурување изнесуваат 106,19 милиони денари (3,53% од вкупните побарувања) и евидентираат пад од 30,85% во споредба со 2019 година, како

резултат на намалување на побарувањата по основ на учество во надомест на штети од соосигурување и реосигурување. Останатите побарувања изнесуваат 522,05 милиони денари (17,38% од вкупните побарувања) и истите се поголеми за 8,20% во однос на 2019 година.

Иако со учество од 1,53% во структурата на средствата, најголем релативен пораст од 64,20% се забележува кај финансиските вложувања кај кои осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик. Друштвата за осигурување на живот кои работат во класата 21 (Осигурување на живот во случај кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот) имаат обврска овие средства, кои служат како покритие на посебната резерва согласно членот 94 од Законот за супервизија на осигурување, да ги вложуваат во удели на отворени инвестициски фондови, кои се регистрирани во Регистарот на инвестициски фондови во Република Северна Македонија, а го води Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Структурата на учеството на друштвата за осигурување во вкупните средства на осигурителниот сектор е прикажана на графиконот бр. 8.

**Графикон бр. 8:** Структура на учество на друштвата за осигурување во вкупните средства на осигурителниот сектор во 2020 година (милиони денари), одделно за неживот и живот




Извор: АСО

Доколку се анализира структурата на средствата по друштва за осигурување, може да се заклучи дека главна категорија кај друштвата за осигурување на живот се вложувањата во државни должнички хартии од вредност и депозити во банки. Од друга страна пак, друштвата за неживотно осигурување имаат поразлична структура на средствата, каде вложувањата во државни должнички хартии од вредност и депозити во банки претставуваат половина од вкупната вредност на активата, додека пак, останатата половина претставуваат побарувањата, дел од бруто техничките резерви пренесен во реосигурување, недвижностите и останатите материјални и нематеријални средства, вложувањата во удели во отворени инвестициски фондови, активните временски разграничувања, вложувањата во акции, како и вложувањата во гарантниот фонд при Националното биро за осигурување.

Вредноста на одделните категории на средства, и процентуалното учество во вкупните средства, на последниот ден од 2020 и 2019 година, за сегментот на неживотни осигурувања и осигурување на живот се прикажани во табелите бр. 11 и 12.

**Табела бр. 11:** Структура на средствата на друштвата за неживотно осигурување (илјади денари)

| Категорија на средство | 31.12.2020 | Учество | 31.12.2019 | Учество |
|---|---|---|---|---|
| Депозити во банки и пари | 4.408.140 | 26,86% | 4.460.942 | 28,48% |
| Државни хартии од вредност | 4.246.559 | 25,88% | 4.037.526 | 25,78% |
| Побарувања | 2.690.344 | 16,39% | 2.453.434 | 15,67% |
| Технички резерви- дел во реосигурување | 1.589.433 | 9,69% | 1.171.681 | 7,48% |
| Недвижности и нематеријални средства | 1.330.083 | 8,11% | 1.424.330 | 9,09% |
| Удели во инвестициски фондови | 792.804 | 4,83% | 760.648 | 4,86% |
| АВР- Активни временски разграничувања | 791.571 | 4,82% | 808.110 | 5,16% |
| Акции | 320.368 | 1,95% | 303.719 | 1,94% |
| Удели во НБО | 185.742 | 1,13% | 185.147 | 1,18% |
| Останато | 55.213 | 0,34% | 55.448 | 0,35% |
| **Вкупно** | **16.410.256** | **100,00%** | **15.660.985** | **100,00%** |

Извор: АСО

**Табела бр. 12:** Структура на средствата на друштвата за осигурување на живот (илјади денари)

| Категорија на средство | 31.12.2020 | Учество | 31.12.2019 | Учество |
|---|---|---|---|---|
| Државни хартии од вредност | 6.125.446 | 66,12% | 5.535.132 | 66,95% |
| Депозити во банки и пари | 1.995.164 | 21,54% | 1.827.502 | 22,11% |
| Финансиски вложувања кај кои осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик | 393.704 | 4,25% | 239.766 | 2,90% |
| Побарувања, заеми и аванси | 386.629 | 4,17% | 344.594 | 4,17% |
| Недвижности и нематеријални средства | 131.330 | 1,42% | 123.977 | 1,50% |
| Технички резерви- дел во реосигурување | 122.661 | 1,32% | 110.226 | 1,33% |
| Удели во инвестициски фондови | 99.027 | 1,07% | 75.962 | 0,92% |
| Останато | 8.565 | 0,09% | 9.824 | 0,12% |
| Акции | 1.320 | 0,01% | 0 | 0,00% |
| **Вкупно** | **9.263.846** | **100,00%** | **8.266.984** | **100,00%** |

Извор: АСО

### 3.1.6.2. Структура на извори на средства

Изворите на средства на друштвата за осигурување во 2020 година бележат пораст од 7,34% во однос на 2019 година (Табела бр.13).

Најголемо учество од 60,39% во структурата на изворите на средства на друштвата за осигурување имаат бруто техничките резерви (2019: 59,74%) и истите имаат пораст од 8,50% во однос на претходната година.

Следна категорија со учество од 29,36% во структурата на изворите на средства се капиталот и резервите кои се зголемиле за 5,85%.
Обврските на друштвата за осигурување, кои во структурата на изворите учествуваат со 6,27% (2019: 7,30%), бележат намалување од 7,75% во однос на претходната година. Во структурата на обврските, најголемо учество имаат останатите обврски (49,34%), обврски од работи на реосигурување и соосигурување (43,76%) и обврските од непосредни работи на осигурување (6,89%).

**Табела бр. 13:** Структура на извори на средства на друштвата за осигурување (илјади денари)

| | 31.12.2020 | Учество | 31.12.2019 | Учество | Динамика 20/19 |
|---|---|---|---|---|---|
| Капитал и резерви | 7.537.570 | 29,36% | 7.120.892 | 29,77% | 5,85% |
| Субординирани обврски | 157.269 | 0,61% | 156.790 | 0,66% | 0,31% |
| Бруто технички резерви | 15.503.358 | 60,39% | 14.289.238 | 59,74% | 8,50% |
| Бруто технички резерви во однос на договори кај кои осигуреникот го презема инвестицискиот ризик | 396.819 | 1,55% | 239.766 | 1,00% | 65,50% |
| Останати резерви | 71.441 | 0,28% | 73.463 | 0,31% | -2,75% |
| Одложени и тековни даночни обврски | 52.131 | 0,20% | 34.644 | 0,14% | 50,48% |
| Обврски кои произлегуваат од депозити на друштвата за осигурување за реосигурување кај цеденти, по основ на реосигурување | 86.424 | 0,34% | 66.660 | 0,28% | 29,65% |
| Обврски | 1.609.890 | 6,27% | 1.745.161 | 7,30% | -7,75% |
| Пасивни временски разграничувања | 259.200 | 1,01% | 191.335 | 0,80% | 35,47% |
| **ВКУПНО ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | **25.674.102** | **100,00%** | **23.917.950** | **100,00%** | **7,34%** |

Извор: АСО

### 3.1.7. Технички резерви

Вкупниот износ на технички резерви на друштвата за осигурување што вршат работи на неживотно осигурување на крајот на 2020 година изнесува 8,74 милијарди денари, односно 6,03% зголемување во споредба со претходната година, додека пак, вкупниот износ на технички резерви на друштвата за осигурување што вршат работи на осигурување во групата на осигурување на живот изнесува 7,16 милијарди денари, што претставува раст од 13,91% во однос на претходната година.

**Табела бр. 14:** Структура и промена на технички резерви (илјади денари)

| Структура на технички резерви | Неживот | | | Живот | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2019 | 20/19 | 2020 | 2019 | 20/19 | 2020 | 2019 | 20/19 |
| Резерви за штети | 4.837.104 | 4.124.483 | 17,28% | 92.127 | 92.033 | 0,10% | 4.929.231 | 4.216.516 | 16,90% |
| Резерви за преносни премии | 3.849.932 | 4.009.126 | -3,97% | 35.786 | 35.973 | -0,52% | 3.885.718 | 4.045.099 | -3,94% |
| Математичка резерва | 0 | 0 | 0,00% | 6.909.617 | 6.035.373 | 14,49% | 6.909.617 | 6.035.373 | 14,49% |
| Резерви за бонуси и попусти | 46.108 | 87.223 | -47,14% | 120.252 | 120.186 | 0,05% | 166.360 | 207.409 | -19,79% |
| Други технички резерви | 9.240 | 24.595 | -62,43% | 0 | 0 | 0,00% | 9.240 | 24.595 | -62,43% |
| **Вкупно** | **8.742.384** | **8.245.427** | **6,03%** | **7.157.782** | **6.283.565** | **13,91%** | **15.900.166** | **14.528.992** | **9,44%** |

Извор: АСО

Во структурата на техничките резерви најголемо учество имаат резервите за штети и резервите за преносни премии, а кај друштвата за осигурување што вршат работи на осигурување во групата на живот, најзначајно место зазема математичката резерва (Табела бр.14).

### 3.1.8. Средства кои ги покриваат техничките резерви

Средствата кои ги покриваат техничките резерви се оние средства на друштвото за осигурување кои служат за покривање на идните обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување, како и за покривање на можните загуби во однос на оние ризици поврзани со вршење работи на осигурување, за кои друштвото за осигурување е должно да издвои средства за покритие на нето технички резерви. Друштвото за осигурување е должно да вложува средства во висина барем еднаква на вредноста на техничките резерви, нето од реосигурување, во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурување и во согласност со Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/11, 127/14, 61/16 и 36/19).

Вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви кај друштвата за неживотно осигурување, на крајот на 2020 година изнесуваа 8,45 милијарди денари и покриваа 118,16% (2019: 117,29%) од вкупните нето технички резерви (Графикон бр.9).

**Графикон бр. 9:** Покриеност на нето техничките резерви кај друштвата за неживотно осигурување (милиони денари; десна оска – проценти)




Извор: АСО

Средствата кои ги покриваат техничките резерви кај друштвата за неживотно осигурување се пласирани во хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија (48,99%), депозити во банки (37,80%), удели во инвестициски фондови (9,38%), акции (2,67%) и во друг вид на вложување, согласно правилата на Агенцијата (1,16%). Износите и структурата на вложувањата се прикажани во табелата бр. 15.

**Табела бр. 15:** Средства што ги покриваат техничките резерви кај друштвата за неживотно осигурување (илјади денари)

| | 2020 | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Банкарски сметки и депозити во банки | 3.194.914 | 3.345.592 | 3.258.311 |
| Државни хартии од вредност | 4.140.434 | 3.977.336 | 3.370.466 |
| Акции | 225.563 | 213.021 | 120.472 |
| Долгорочни ХВ издадени во ЕУ или ОЕЦД | 0 | 0 | 36.407 |
| Инвестициски фондови | 792.804 | 760.648 | 474.738 |
| Друго | 98.298 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **8.452.012** | **8.296.596** | **7.260.394** |

Извор: АСО

Кај друштвата што работат осигурување на живот, вложувањата на средствата од техничките резерви и математичката резерва изнесуваа 6,85 милијарди денари и имаат покриеност на нето техничките резерви од 103,28% (2019: 102,87%) (Графикон бр.10).

**Графикон бр. 10:** Покриеност на нето техничките резерви кај друштвата за осигурување на живот (милиони денари; десна оска – проценти)




Извор: АСО

Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата што ја покриваат математичката резерва ги пласираат во државни хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија (74,62%), депозити во банки (24,12%), инвестициски фондови (0,53%) и во други финансиски инструменти (0,73%) (Табела бр.16).

**Табела бр. 16:** Средствата што ги покриваат техничките резерви и математичката резерва кај друштвата за осигурување на живот (илјади денари)

| | 2020 | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Банкарски сметки и депозити во банки | 1.653.448 | 1.454.971 | 1.106.998 |
| Државни хартии од вредност | 5.116.003 | 4.562.433 | 4.052.740 |
| Акции | 0 | 0 | 0 |
| Долгорочни ХВ издадени во ЕУ или ОЕЦД | 0 | 0 | 0 |
| Инвестициски фондови | 36.502 | 38.941 | 58.879 |
| Друго | 49.892 | 45.512 | 38.272 |
| **Вкупно** | **6.855.846** | **6.101.857** | **5.256.889** |

Извор: АСО

### 3.1.9. Адекватност на капиталот на друштвата за осигурување

Во согласност со членовите 75 и 76 од Законот за супервизија на осигурувањето, друштвата за осигурување треба да ја одржуваат вредноста на капиталот најмалку во висина на потребното ниво на маргината на солвентност. Според доставените податоци до АСО, на крајот на 2020 година, вкупно пресметаниот капитал на друштвата за осигурување[5] изнесува 7,01 милијарди денари, што претставува пораст од 5,53% во однос на 2019 година. Анализирано по групи на осигурување, капиталот на друштвата за неживотно осигурување изнесува 5,147 милијарди денари, а на друштвата за осигурување на живот 1,54 милијарди денари. Над 95% од капиталот на друштвата за осигурување претставува основен капитал, односно потекнува од најквалитетни категории на извори на средства, односно од уплатен акционерски капитал од издадени обични акции, законски (статутарни) резерви, како и акумулирани нераспределени добивки. Многу мало е учеството на дополнителниот капитал во вкупниот капитал на осигурителниот сектор. Ова дава доверба дека финансиската состојба и солвентност на осигурителниот сектор е добра.

Потребното ниво на маргина на солвентност, како главен индикатор за минимално потребниот капитал со кој мора да располага осигурителниот сектор, агрегиран изнесува 1,64 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,22 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 421 милион денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,3 пати над потребното ниво на маргина на солвентност. Движењето на капиталот и потребната маргина на солвентност кај друштвата за осигурување се прикажани на графиконот бр. 11.

[5] Правилник за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштвото за: осигурување и/или реосигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/11, 64/11, 61/16 и 170/19“)

**Графикон бр. 11:** Движење на капиталот и потребната маргина на солвентност кај друштвата за осигурување (милиони денари)




Извор: АСО

Дури 95,67% од вкупниот капитал на друштвата за неживотно осигурување, односно 98,94% од вкупниот капитал на друштвата за осигурување на живот е основен капитал, што е индикатор за високиот квалитет на ставките што се вклучени во пресметката на вкупниот капитал, односно за финансиската кондиција на друштвата за осигурување да одговорат на ризиците по солвентноста во непредвидливи непосакувани околности на пазарот.

**Графикон бр. 12:** Структура на капиталот на друштвата за осигурување (одделно за неживот и живот), во милиони денари и во проценти од вкупниот капитал




Извор: АСО

### 3.1.10. Финансиски резултат од работењето

Во текот на 2020 година, осигурителниот сектор оствари добивка во износ од 456,81 милиони денари, наспроти остварената добивка во износ 25,37 милиони денари во 2019 година.

Друштвата за неживотно осигурување остварија добивка од 273,81 милиони денари (2019: загуба од 125,91 милиони денари), која произлегува од резултатот на десет друштва што остварија добивка во износ од 341,83 милиони денари и едно друштво што оствари загуба во износ од 67,72 милиони денари.

Друштвата за осигурување на живот остварија добивка од 177,86 милиони денари (2019: добивка од 100,54 милиони денари), која произлегува од резултатот на четири друштва што остварија добивка од 198,64 милиони денари и едно друштво што реализира загуба во износ од 20,79 милиони денари.

Подобрувањето на профитабилноста во сегментот на неживотните осигурувања е резултат на неколку движења. Имено, видно е намалувањето на бруто резервите за преносни премии во 2020 година, што влијае позитивно на приходите од заработена премија во 2020 година, споредено со истите реализирани во 2019 година. Потоа, евидентно е намалувањето на нето настанатите штети во 2020 година споредено со 2019 година ( ова намалување е, пред сè, резултат на намалената активност и превземените ризици во осигурувањето, во период кога се на сила мерките за ограничувања и забрани за патувања во странство и пад на економијата поради пандемијата). Дополнителен фактор за високата профитабилност на друштвата за осигурување на неживот е привремената регулаторна рамка која АСО ја креираше во време на пандемијата, со цел исправките за ненавремено платените побарувања (кои се трошок во работењето на секое друштво) да се прават со пролонгирани рокови, што видно ги подобри финансиските извештаи на друштвата во 2020 година (односно сè до важење на привремената регулатива).
Подобрувањето на профитабилноста на друштвата за осигурување на живот е од причини слични како кај друштвата за неживотно осигурување. Порастот на математичката резерва во 2020 година е значително помала во споредба со порастот на истата во 2019 година. Растот на математичката резерва влијае на зголемување на вкупните расходи во периодот.

Големите варијации во профитабилноста на сегментот на неживотно осигурување (доколку се анализира графикон бр. 13 за годините 2018, 2019 и 2020), произлегува од значителното подобрување на профитабилноста во 2020 година на две друштва за неживотно осигурување, кои во текот на 2019 година извршија значајно зголемување на износите на резерви за штети (обврски), што придонесе 2019 година да ја завршат со големи загуби. Дополнително на ова, во текот на 2019 година, двете друштва за осигурување извршија сметководствено усогласување на вредноста на недвижностите со барањата од изменетиот правилник, намалувајќи ја нивната вредност значајно. Во двете друштва се случија сопственички промени, докапитализации и промени во работењето, што доведе финансиските резултати остварени во 2020 година да бидат многу подобри во споредба со 2019 година.

**Графикон бр. 13:** Финансиски резултат од работењето на друштвата за осигурување (милиони денари)




Извор: АСО

### 3.1.11. Индикатори за осигурителниот сектор

Показателите во осигурителната дејност се користат за подобро следење на работата на друштвата за осигурување.
Коефициентот на штети се пресметува како однос меѓу настанати штети во периодот и премијата, а коефициентот на трошоци претставува однос меѓу трошоците за спроведување на осигурување и премијата. Збирот од овие два коефициенти го даваат комбинираниот коефициент. Подетално, по групи на осигурување во табелата бр. 15 се претставени коефициентите на бруто основа и на нето основа, односно по изолирањето на ефектот од реосигурувањето.

**Табела бр. 17:** Технички коефициенти

| | 2020 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Коефициент на штета | Коефициент на трошоци | Комбиниран коефициент | Коефициент на штета | Коефициент на трошоци | Комбиниран коефициент |
| **Нето коефициенти** | | | | | | |
| Неживот | 47,82% | 51,41% | 99,23% | 52,50% | 51,46% | 103,96% |
| Живот | 76,99% | 28,98% | 105,96% | 76,66% | 32,72% | 109,38% |
| Вкупно | 53,77% | 46,83% | 100,60% | 57,63% | 47,48% | 105,11% |
| **Бруто коефициенти** | | | | | | |
| Неживот | 50,09% | 45,16% | 95,25% | 47,94% | 45,44% | 93,38% |
| Живот | 75,33% | 28,87% | 104,20% | 75,60% | 32,47% | 108,07% |
| Вкупно | 54,43% | 42,36% | 96,79% | 52,94% | 43,09% | 96,03% |

Извор: АСО

**Стапка на принос на вложувања (ROI)** се пресметува како однос на приходите намалени за трошоците на вложувањата и износот на вложувањата. Стапката на принос на вложувањата на ниво на индустрија за 2020 година изнесува 2,96% и бележи благ пораст во однос на минатата година (2019: 2,46%). Одделно, по групи на осигурување, се констатира дека стапката на принос на вложувањата кај неживотното осигурување во 2020 година изнесува 2,42%, наспроти остварените 1,42% во 2019 година, додека пак, кај осигурувањето на живот во 2020 оваа стапка изнесува 3,69%, што претставува намалување во однос на претходната година кога била 4,00%.

**Стапка на принос на средствата (ROA)** се пресметува како однос на нето-добивка и вкупни средства. На ниво на индустрија овој индикатор изнесува 1,76% што значи зголемување во однос на претходната година кога изнесувал -0,11%. Одделно, по групи на осигурување, стапката на принос на средствата кај неживотното осигурување во 2020 година изнесува 1,67%, наспроти -0,80% во 2019 година, а кај осигурувањето на живот во 2020 изнесува 1,92%, во однос на претходната година кога била 1,22%.

**Стапка на принос на капиталот (ROE)** се пресметува како однос на нето-добивка и категоријата капитал и резерви. На ниво на индустрија овој индикатор изнесува 5,99%, наспроти -0,36% во 2019 година. Одделно, по групи на осигурување, стапката на принос на капиталот кај неживотното осигурување во 2020 година изнесува 4,74%, што е зголемување во однос на претходната година кога била -2,28%, а кај осигурувањето на живот во 2020 година изнесува 10,13%, што укажува на пораст во споредба во 2019 година кога изнесувала 6,29%.

**Коефициент на задолженост** се пресметува како однос на вкупните обврски и вкупните средства. Овој коефициент покажува колку од средствата се финансирани од обврските (технички резерви и останати обврски), без да се вклучат капиталот и законските резерви. Во 2020 година овој коефициент изнесува 70,64% , што претставува мало зголемување во однос на 2019 година кога изнесувал 70,23%.

Прегледот на сите овие финансиски индикатори е даден во табелата бр. 18.

**Табела бр. 18:** Финансиски индикатори

| | 2020 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ROI | ROA | ROE | Задолженост | ROI | ROA | ROE | Задолженост |
| **Неживот** | 2,42% | 1,67% | 4,74% | 64,77% | 1,42% | -0,80% | -2,28% | 64,72% |
| **Живот** | 3,69% | 1,92% | 10,13% | 80,66% | 4,00% | 1,22% | 6,29% | 80,66% |
| **Вкупно** | 2,96% | 1,76% | 5,99% | 70,64% | 2,46% | -0,11% | -0,36% | 70,23% |

Извор: АСО

## 3.2. ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО

Улогата на посредувањето во продажбата има сè поголемо влијание во осигурителниот сектор. Во текот на 2020 година 43,49% (2019: 46,61%) од остварената БПП се реализирани преку директна продажба од страна на друштвата за осигурување, додека 56,51% (2019: 53,39%) се реализирани преку индиректни канали на посредување (Табела бр.19).

**Табела бр. 19**: Структура на каналите за продажба на полиси според остварена БПП (илјади денари)

| | 2020 | % | 2019 | % | 2018 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Директна продажба | 4.377.661 | 43,49% | 4.933.179 | 46,61% | 4.838.893 | 48,74% |
| Осигурително брокерски друштва | 3.237.761 | 32,17% | 3.135.577 | 29,63% | 2.745.963 | 27,66% |
| Застапници во осигурување | 1.174.967 | 11,67% | 1.046.595 | 9,89% | 1.053.116 | 10,61% |
| Друштва за застапување во осигурување | 839.930 | 8,34% | 898.496 | 8,49% | 85.866 | 8,65% |
| Банки | 393.431 | 3,91% | 508.507 | 4,80% | 371.757 | 3,74% |
| Туристички агенции | 9.015 | 0,09% | 32.593 | 0,31% | 34.198 | 0,34% |
| Останати дистрибутивни канали | 20.700 | 0,21% | 17.823 | 0,17% | 15.937 | 0,16% |
| Автосалони | 12.425 | 0,12% | 10.633 | 0,10% | 9.041 | 0,09% |
| **Вкупно** | **10.065.890** | **100,00%** | **10.583.403** | **100,00%** | **9.927.565** | **100,00%** |

Извор: АСО

### 3.2.1. Застапување во осигурувањето

Застапување во осигурувањето претставува подготовка и склучување договори за осигурување, во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување, за производи на осигурување кои меѓусебно не си конкурираат. Застапувањето на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија се врши преку застапници во осигурувањето – физички лица, друштва за застапување во осигурување и банки кои имаат добиено дозвола за вршење работи на застапување во осигурување. Преку овие канали, во 2020 година се реализирани 23,93% од БПП (2019: 23,18%), односно 2,41 милијарди денари (2019: 2,51 милијарди денари), што претставува намалување од 1,85% во однос на претходната година.

Застапувањето во осигурување преку физички лица, се врши врз основна на лиценца од АСО која ја добиле по претходно положен испит за вршење работи на застапување во осигурувањето. Во вкупната БПП застапувањето во осигурување преку физички лица учествува со 11,67%, при што во 2020 година бројот на застапници кои имале лиценца од АСО изнесува 1.341. Регистарот на сите активни застапници во осигурувањето е достапен на интернет страницата на АСО [6] .

Бројот на друштвата за застапување во осигурување во однос на 2019 година остана непроменет, односно на пазарот на осигурување работат вкупно 10 друштва за застапување во осигурување и 7 банки (Табела бр.20). Во вкупната БПП друштвата за застапување во осигурување во 2020 година учествуваат со 839,93 милиони денари или 8,34% од вкупното посредување, а во однос на минатата година е забележано намалување од 6,52% во (2019: 898,50 милиони денари).

Исто така, застапување во осигурување може да врши и банка која добила дозвола за вршење работи на застапување во осигурување од Народна банка на Република Северна Македонија, а врз основа на претходна согласност на АСО. Банките учествуваа со 393,43 милиони денари

[6] https://aso.mk/registar-na-zastapniczi-vo-osiguruvanje/

или 3,91% во вкупната БПП, што претставува пад од 22,63% во однос на минатата година (2019: 508,507 милиони денари).

**Табела бр. 20:** Регистар на друштвата за застапување во осигурување и банки

| | Назив на друштвото |
|---|---|
| **1** | Друштво за застапување во осигурување АКТИВА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје |
| **2** | Друштво за застапување во осигурување ТРЕНД-МР АД Скопје |
| **3** | Акционерско друштво за застапување во осигурување ЛАЈОН ИНС АД Скопје |
| **4** | Друштво за застапување во осигурување РЕА ИНШУРЕНС ГРУП АД Скопје |
| **5** | Акционерско друштво за застапување во осигурување САФЕ ЛИФЕ Македонија АД Скопје |
| **6** | Друштво за застапување во осигурување ФОРТИС АД Скопје |
| **7** | Друштво за застапување во осигурување ЛАЈФ ВИЗИОН АД Скопје |
| **8** | Друштво за застапување во осигурување ВАШ ПРИЈАТЕЛ АД Прилеп |
| **9** | Акционерско друштво за застапување во осигурување ФЕМИЛИ ПАРТНЕР АД Скопје |
| **10** | Акционерско друштво за застапување во осигурување МОЕ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје |
| **11** | Шпаркасе банка АД Скопје |
| **12** | НЛБ Тутунска банка АД Скопје |
| **13** | ХАЛК банка АД Скопје |
| **14** | Стопанска банка АД Скопје |
| **15** | Комерцијална банка АД Скопје |
| **16** | УНИ банка АД Скопје |
| **17** | ТТК банка АД Скопје |

Извор: АСО

Во текот на 2020 година преку друштвата за застапување во осигурување се склучени 71.165 договори за осигурување (полиси) (2019: 84.432) што е помалку за 15,71% во однос на претходната година. Преку банките, во 2020 година се склучени 145.814 договори за осигурување (2019: 144.136) што претставува зголемување од 1,16% во однос на претходната година.

Распределбата на вкупната БПП, по класи на осигурување, а реализирана од страна на друштвата за застапување и банките е претставена во графиконот бр. 14.

**Графикон бр. 14:** Структура на БПП, по класи на осигурување




Извор: АСО

### 3.2.1. Осигурително брокерски работи

Осигурителните брокерски работи подразбираат посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие, како и при реализирање отштетни побарувања по остварен осигурен штетен настан кај друштвата за осигурување и реосигурување, во име и за сметка на клиентите. Преку овој канал на дистрибуција, друштвата за осигурително брокерски работи во 2020 година реализирале 32,17% од БПП (2019: 29,63%), односно 3,24 милијарди денари (2019: 3,14 милијарди денари), што претставува зголемување за 3,26% во однос на претходната година.

На крајот на 2020 година на пазарот на осигурување дејствуваа 40 осигурително брокерски друштва, (Табела бр.21). Во текот на 2020 година издадена е дозвола за работа на едно ново осигурително брокерско друштво (Осигурително брокерско друштво ОМАДА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје) и е вратена дозволата за вршење осигурително брокерски работи на Осигурително брокерското друштво ЕНСА БРОКЕР АД Скопје. Исто така, во 2020 година одземена е дозволата на Осигурително Брокерско Друштво Сафе Инвест АД Скопје.

**Табела бр. 21:** Регистар на осигурително брокерски друштва

| | Назив на друштвото |
|---|---|
| 1 | Акционерско осигурително брокерско друштво ЕУРОЕКСПЕРТС Скопје |
| 2 | Осигурително брокерско друштво ЕУРОМАК БРОКЕР АД Скопје |
| 3 | Осигурително брокерско друштво ИН БРОКЕР АД Скопје |
| 4 | Акционерско осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје |
| 5 | Осигурително брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје |
| 6 | Осигурително брокерско друштво СЕДА БРОКЕР АД Скопје |
| 7 | Осигурително брокерско друштво НАШЕ ОСИГУРУВАЊЕ АД Кочани |
| 8 | Осигурително брокерско друштво ЈДБ БРОКЕР АД Скопје |
| 9 | Осигурително брокерско друштво ДЕЛТА ИНС БРОКЕР АД Скопје |
| 10 | Акционерско осигурително брокерско друштво А-ТИМ Скопје |
| 11 | Осигурително брокерско друштво ЛЕГРА АД Скопје |
| 12 | Осигурително брокерско друштво ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје |
| 13 | Осигурително брокерско друштво АМГ ПРЕМИУМ АД Скопје |
| 14 | Осигурително брокерско друштво СУПЕР БРОКЕР АД Скопје |
| 15 | Осигурително брокерско друштво КОРАБ ИНС АД Скопје |
| 16 | Осигурително брокерско друштво НОВ ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Скопје |
| 17 | Осигурително брокерско друштво ЦЕРТУС АД Скопје |
| 18 | Осигурително брокерско друштво СТМ Брокер Плус АД Скопје |
| 19 | Осигурително брокерско друштво АМ Брокер АД Скопје |
| 20 | Осигурително брокерско друштво МЕГА БРОКЕР АД Скопје |
| 21 | Осигурително брокерско друштво ЦВО Брокер АД Охрид |
| 22 | Осигурително брокерско друштво АСУЦ Брокер АД Скопје |
| 23 | Осигурително брокерско друштво ВИА БРОКЕР АД Глумово Скопје |
| 24 | Акционерско осигурително брокерско друштво ВЕБЕР ГМА АД Битола |
| 25 | Осигурително брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје |
| 26 | Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола |
| 27 | Акционерското друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје |
| 28 | Осигурително брокерско друштво ЏОКЕР ИНС БРОКЕР АД Гевгелија |
| 29 | Осигурително брокерско друштво ЕОС БРОКЕР АД Скопје |
| 30 | Осигурително брокерско друштво ПЕТРОЛ - ОИЛ БРКОЕР АД Скопје |
| 31 | Осигурително брокерско друштво АУРОН БРОКЕР АД Струга |
| 32 | Осигурително брокерско друштво РИЗИКО ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје |
| 33 | Осигурително брокерско друштво ВИН БРОКЕР АД Скопје |
| 34 | Осигурително брокерско друштво БРОЛИНС АД Скопје |
| 35 | Осигурително брокерско друштво МАКОАС БРОКЕР АД Струмица |
| 36 | Осигурително брокерско друштво СМАРТ МАНИ СОЛУШНС АД Скопје |
| 37 | Осигурително брокерско друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица |
| 38 | Осигурително брокерско друштво АЛФА БРОКЕР АД Куманово |
| 39 | Осигурително брокерско друштво ОМАДА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје |
| 40 | Осигурително брокерско друштво ЕНСА АД Скопје |

Извор: АСО

Во овој период осигурително брокерските друштва реализирале продажба на 306.693 полиси (2019: 364.925) што претставува пад од 15,96% во однос на претходната година.

Распределбата на вкупната БПП, по класи на осигурување, а реализирана од страна на осигурително брокерските друштва е претставена во графиконот бр. 15.

**Графикон бр. 15:** Структура на БПП по класи на осигурување




Извор: АСО

## 3.3. НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, Националното биро за осигурување (во понатамошниот текст: „НБО“) ги врши работите предвидени со меѓународните спогодби за осигурување на сопствениците и корисниците на моторни возила, од одговорност во сообраќајот (зелена карта) и ги претставува друштвата за осигурување од Република Северна Македонија во меѓународните организации и институции за осигурување. НБО, исто така, издава и печати меѓународни зелени карти за потребите на членките, води статистичка евиденција и врши статистичка обработка на статистичките податоците од друштвата за осигурување, воспоставува и одржува централен систем за евиденција на полиси и штети од употреба на моторни возила.

НБО е членка на Советот на бироа во Брисел од 1994 година, кој има за цел да го олесни меѓународниот патен сообраќај на моторни и приклучни возила, преку осигурување од одговорност за штети предизвикани на трети лица, според условите кои се пропишани во посетената земја и гарантира дека на оштетените лица во случај на сообраќајна несреќа ќе им се надомести штетата настаната со употреба на моторното возило, со примена на националното законодавство на таа земја. Воедно, како членка на Советот, НБО учествува во работата на Југоисточната европска група во која членуваат земјите од регионот.

Во НБО членуваат единаесет осигурителни друштва, односно сите друштва за неживотно осигурување во Република Северна Македонија.

Во извештајот за работењето кој НБО го достави до АСО, во согласност со членот 54 став (3) од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, прикажано е финансиското работење на НБО и финансиското работење на Гарантниот фонд за 2020 година.

Со состојба на 31.12.2020 година, вкупните средства на НБО изнесуваа 318,02 милиони денари, од кои 232,51 милиони се тековни средства, а останатите 85,51 милиони се однесуваат на нетековни средства и споредбено со претходната година бележат зголемување од 0,50%. Во вкупните средства на НБО, најголемо учество од 52,20% земаат депозитите во банки, потоа следуваат побарувањата од друштвата за осигурување со 36,40% и вложувања во хартии од вредност со 6,50%. Во вкупните обврски и капитал на НБО во 2020 година, капиталот учествува со 60,26%, а обврските со 39,68%. Во 2020 година НБО остварило добивка во износ од 2.610 илјади денари (2019 година: добивка од 2.696 илјади денари).

## ГАРАНТЕН ФОНД НА НБО

НБО, во согласност со членот 58 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, формира Гарантен фонд кој служи за исплата на:

1. штети настанати на територијата на Република Северна Македонија од непознати и неосигурани моторни возила и приколки, неосигурани чамци и бродови на моторен погон, како и неосигурани воздухоплови;
2. штети настанати на територијата на Република Северна Македонија од превозни средства регистрирани за превоз на патници во јавен сообраќај, за кои сопствениците не склучиле договор за осигурување на патници од последици на несреќен случај - незгода;
3. штети од задолжителни осигурувања кои оштетените лица не можат да ги наплатат поради престанок на друштвото за осигурување со кое е склучен договорот за осигурување, при што се исплаќа само оној дел од штетата кој не бил надоместен од стечајната маса на друштвото за осигурување; и
4. штети од осигурени моторни возила кои потекнуваат од територијата на Република Северна Македонија, за кои согласно со Критскиот договор и други меѓународни договори ги гарантира Националното биро за осигурување.

Работата на Гарантниот фонд се темели на Законот за задолжителни осигурувања во сообраќајот, како и на Правилникот за формирање и користење на Гарантниот фонд и Упатството за водење на евиденција и начин на исплата на средствата од Гарантниот фонд, донесени од НБО.

**Табела бр. 22:** Учество во Гарантниот фонд по друштва за осигурување за периодот 1.1.2020-31.12.2020 година (илјади денари)

| Назив на друштвото за осигурување | Вкупна БПП за сите задолжителни осигурувања | % на учество во БПП за сите задолжителни осигурувања | Учество во Гарантен фонд |
|---|---|---|---|
| Македонија | 233.392 | 5,70% | 10.548 |
| Триглав | 465.591 | 11,37% | 21.042 |
| Евронс | 343.807 | 8,40% | 15.538 |
| Сава | 383.469 | 9,36% | 17.331 |
| Винер | 491.298 | 12,00% | 22.204 |
| Еуролинк | 354.499 | 8,66% | 16.021 |
| Граве неживот | 245.775 | 6,00% | 11.108 |
| Уника | 525.037 | 12,82% | 23.729 |
| Осигурителна полиса | 390.471 | 9,54% | 17.647 |
| Халк | 412.977 | 10,08% | 18.664 |
| Кроација неживот | 248.961 | 6,08% | 11.252 |
| **Вкупно** | **4.095.277** | **100,00%** | **185.082** |

Извор: Извештај за работењето на НБО за 2020

Друштвата за осигурување кои вршат работи на задолжително осигурување од автоодговорност, должни се да уплатат средства во Гарантниот фонд во износ сразмерен на премијата остварена по одделни класи на задолжително осигурување од автоодговорност во претходното тримесечје, за тековното тримесечје од тековната година.

Во согласност со одлука на Управниот одбор на НБО, секоја календарска година се врши нова распределба на средствата од Гарантниот фонд во висина од 3.000.000 евра, според процентот на учество на друштвото за осигурување во вкупно полисираната премија за сите задолжителни осигурувања. За 2020 година, учеството во Гарантниот фонд по друштва за осигурување е прикажано во Табела бр.22.

## РЕФУНДИРАЊЕ НА ШТЕТИ ОД ГАРАНТНИОТ ФОНД

Во согласност со членот 60 став (4) од Законот за задолжителни осигурувања во сообраќајот, друштвото за осигурување кое извршило обработка и исплата на барањето за надомест на штета, има право на поврат на исплатените средства од средствата на Гарантниот фонд
Од средствата на Гарантниот фонд не се надоместуваат штети настанати од употреба на неосигурани странски моторни возила што се движат на територијата на Република Северна Македонија, а за кои важат посебни меѓународни договори чиј потписник е Република Северна Македонија.

**Табела бр. 23:** Пријавени и прифатени штети за рефундирање од Гарантниот фонд за периодот 1.1.2020- 31.12.2020 година

| Назив на друштвото за осигурување | Број на пријавени штети за рефундација | Број на прифатени штети во Гарантен фонд | Прифатени штети во Гарантен фонд (штети+пристојба) износ во илјади денари |
|---|---|---|---|
| Македонија | 79 | 79 | 13.501 |
| Триглав | 106 | 105 | 16.860 |
| Евроинс | 63 | 62 | 13.868 |
| Сава | 80 | 80 | 9.926 |
| Винер | 67 | 67 | 14.007 |
| Еуролинк | 63 | 63 | 24.956 |
| Граве неживот | 68 | 68 | 15.431 |
| Уника | 65 | 65 | 10.558 |
| Осигурителна полиса | 70 | 70 | 8.934 |
| Халк | 50 | 49 | 7.267 |
| Кроација осигурување | 58 | 58 | 10.291 |
| **Вкупно** | **769** | **766** | **145.600** |

Извор: Извештај за работењето на НБО за 2020

Во 2020 година во НБО од страна на друштвата за осигурување се пријавени 769 штети за рефундирање, од кои 766 штети во износ од 145,60 милиони денари се прифатени и рефундирани.

Бројот на пријавени штети за рефундација во Гарантен фонд во 2020 година (769) е намален за 45 штети во споредба во 2019 година (814), односно бележи намалување од 5,53%.

Просечно исплатена штета во 2020 година изнесува 190.077 денари и истата бележи зголемување од 46,83% во однос на просечно исплатената штета во 2019 година.

Бројот на пријавени и прифатени штети за рефундација од Гарантниот фонд во текот на 2020 година, како и износот на прифатените штети се прикажани во Табела бр.23.

Претседател на Советот на експерти,

Крсте Шајноски

Број 02-455/3
Скопје, 16.06.2021